# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС

## ПЕРИОД 2021 – 2023 ГОДИНА

Јуни, 2023 година

СОДРЖИНА

1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето ... 2

1.1 Самоевалуација ... 2

1.2 Цели на самоевалуација ... 2

1.3 Начин на спроведување на самоевалуацијата ... 3

2. Процес на самоевалуација ... 4

3. Тимови спроведување на самоевалуација и подготовка на Извештај од самоевалуацијата за период од 2021- 2023 година во ООУ „Блаже Конески“ – Велес ... 5

4. Лична карта на училиштето ... 8

**ОБЛАСТ БР. 1 – Организација и реализација на наставата и учењето** ... 13

**ОБЛАСТ БР. 2 – Постигнувања на учениците** ... 49

**ОБЛАСТ БР. 3 – Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** ... 66

**ОБЛАСТ БР. 4 – Управување и раководење** ... 71

**ОБЛАСТ БР. 5 – Комуникација и односи со јавноста** ... 77

**ОБЛАСТ БР. 6 – Училишна клима и култура** ... 91

**ОБЛАСТ БР. 7 – Соработка со родителите и локалната средина** ... 110

**Извештај од комисијата за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на училиштето** ... 115

# 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

## 1.1 Самоевалуација

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Самоевалвацијата како темел за автономијата на училиштето во планирањето, организирањето и реализирањето на новите приоритетни активности создава реална слика за училиштето преку анализа на состојбата. Анализите се базирани на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

Самоевалуацијата претставува основа на преземање на конкретни активности при изготвување на Годишната програма за работа во наредната учебна година.

## 1.2 Цели на самоевалуација

Целта на самоевалвацијата е да се воспостави систем на перманентно планирање преку воспоставување приоритети коишто треба да се остварат преку реализирање на цели и задачи и нивно перманентно следење со што ќе се подобри наставата и работата на училиштето во целина.

Цели на самоевалуацијата**:**

- ✓ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- ✓ Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето;
- ✓ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем;
- ✓ Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;
- ✓ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;
- ✓ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- ✓ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

## 1.3 Начин на спроопведување на самоевалуацијата

Врз основа на член 129, став 1,2, 3 и 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), училиштето на две години спроведува самоевалуација за сопствената работа и постигањата.

Училишниот одбор по предлог на директорот формираше Училишна комисија составена од 5 (пет) члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите/ старателите.

Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишната комисија.

Во состав на Училишната комисија се:

1. Пенчо Андреев – педагог,
2. Милица Ристовска Темелковска – психолог,
3. Даниела Димовска – предметен наставник,
4. Весна Сугарева – одделенски наставник,
5. Милка Петровска – родител.

Самоевалуацијата беше спроведена за период од 2021 - 2023 година, според индикаторите за мерење на квалитет на работата на училиштата, креирани од Државниот просветен инспекторат.

За поголема ефикасност во работењето, беа формирани седум тимови од одделенски наставници, предметни наставници и стручни соработници, според седумте области:

-  Организирање и реализација на наставата и учењето;
-  Постигања на ученици;
-  Професионален развој на наставници, стручни соработници, воспитувачи и на раководниот кадар;
-  Управување и раководење;
-  Комуникации и односи со јавноста;
-  Училишна клима и култура;
-  Соработка со родителите и со локалната средина.

Тимовите имаа свои координатори, редовно се состануваа и работеа на своите области.

При изработката на самоевалуацијата, Училишната комисија имаше успешна соработка со седумте тимови од наставници и стручни соработници.

Училишната комисија спроведе анкети со наставници, родители и ученици. Податоците беа обработени, а резултатите од анализата се внесени во самоевалуацијата.

Самоевалуацијата на училиштето успешно е завршена.

## 2. Процес на самоевалуација

***Подготвителна фаза***

- Формирање на училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата за периодот 2021 – 2023 година
- Определување на координатори и носители
- Формирање на тимови
- Состанок со координатори (определување на методите, техниките и инструментите за спроведување на самоевалуацијата)
- Состанок со координатори (дефинирање на анкетните прашалници и утврдување на целната група за анкетирање)
- Состанок со координатори (прибирање на документација потребана за вршењето на самоевалуацијата)

***Фаза на реализација***

- Анализа на податоците од анкетите и прибраната документација
- Усогласување на добиените наоди (SWOT анализа и издвојување на приоритети)
- Подготовка на поединечни извештаи за секоја област
- Подготовка на Нацрт извештај од спроведената самоевалуација
- Доставување на Нацрт извештајот до носителите за изработка на самоевалуацијата

***Фаза на известување и усвојување***

- Електронско доставување на Нацрт извештајот до: Директорот, Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор, Учениците

- Презентација на Нацрт извештајот пред Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор
- Разгледување и давање на Мислење за Нацрт извештајот од самоевалуација од Наставнички совет
- Разгледување и давање на Мислење за Нацрт извештајот од самоевалуација од Совет на родители
- Усвојување на Нацрт извештајот од страна на Училишниот одбор

## 3. Тимови спроведување на самоевалуација и подготовка на Извештај од самоевалуацијата за период од 2021- 2023 година во ООУ „Блаже Конески“ – Велес

| ОБЛАСТ | Координатор | Носител -стручна служна | Членови |
|---|---|---|---|
| **1. Организација и реализиација на наставата и учењето** | **Елизабета А.Митревска** | Пенчо Андреев и Весна Начарова | Андријана Јорданова<br>Трајанка Илиева<br>Весна Брчкова<br>Ленче Зографска<br>Орданка Петкоска<br>Весна Јовевска<br>Јасна Трајковска<br>Александар Тодоровски<br>Донка Павлова<br>Снежана Балова<br>Пенчо Кимов<br>Димитар Гуновски |
| | | | Вера Трчкова<br>Маја Костова<br>Александра Наумова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2. Постигања на учениците** | **Маја Гелев** | Марија Јорданов | Велика Милошевска<br>Снежана Арсова<br>Ратка Ѓорѓиевска<br>Соња Стумбова<br>Ана Ј.Глушкова<br>Весна Мешкова<br>Марјан Атанасовски |
| **3. Професионален развој на наставници, стручни соработници, воспитувачи и на раководниот кадар** | **Александра Пановска** | Пенчо Андреев и Весна Начарова | Невенка Ѓошева<br>Лидија А.Игновска<br>Маја Коруновска<br>Љупчо Николовски<br>Петре Жабев |
| **4. Управување и раководење** | **Ристо Трајковски** | Милица Ристовска Темелковска | Весна Сугарева<br>Роска Петрова<br>Лидија Атанасовска<br>Маја Пасковска<br>Ружица П.Николовска |
| **5. Комуникации и односи со јавноста** | **Оливера Трипчева** | Ангела Спасовска | Марија Петрова<br>Цветанка Велинова<br>Јована Дебарлиева<br>Елена Тембелеска<br>Костадинака Атанасова<br>Тања Инѓилизова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Елена Д.Пантелиќ |
| **6. Училишна клима и култура** | **Иванка Славковска** | Милица Ристовска Темелковска | Зорица Адамчевска |
| | | | Соња Неделковска |
| | | | Славица Петрова |
| | | | Марија Страхилова |
| | | | Рената Миновска |
| | | | Јулијана Нацева |
| | | | Саше Андреев |
| | | | Даниела Димовска |
| | | | Зоран Тодоров |
| | | | Јадранка Клифова |
| | | | Павле Цилаков |
| **7. Соработка со родителите и со локалната средина** | **Благородна Јосимовска** | Марија Јорданов | Соња Маркова |
| | | | Александра Мишкова |
| | | | Маја Камењарова |
| | | | Елизабета Циунова |
| | | | Марија Тодорова |




## 4. Лична карта на училиштето

Училиштето е лоцирано во централното градско подрачје на ул. „Љубљанска“ бр.1 во месната заедница „Трајче Панов“. Училиштето го носеше името „Јосип Броз Тито“, а во 1994 година се преименува во ООУ „Блаже Конески“ и својот патронен празник го одбележува на 19 декември - денот на раѓањето на Блаже Конески.

Училишната зграда опфаќа 9600 м2 затворен простор и 11 200 м2 отворен простор со можности за различни видови на воспитно – образовни активности. Од својот почеток во континуитет нашето училиштето постигнува солидни резултати во своето работење кои овозможуваат афирмација на локално ниво и пошироко. Во 1990 година Собранието на општина Велес му додели на училиштето Спомен – плакета како резултат на успешна воспитно – образовна работа. Од самиот почеток, па се до денес, тоа продолжува со нижење на нови успеси и високи постигнувања за што говорат и сведочат многубројните дипломи, признанија, трофеи, плакети и други награди што се мотив за понатамошно работење.

***Какво училиште сме ние?***

Училиштето е нашиот показател во животот. Тоа е центар на културата, воспитанието, образованието, дружењето и креативност. Во него стекнуваме голем број на знаења кои ќе ни бидат потребни во понатамошниот животен пат, а кон се ова целиме и ние како училиште.

Ние сме училиште кое обезбедува гостопримлива и пријатна атмосфера, која прави сите ученици да се чувствувват добредојдени и удобно и дава можности за учење и развој на ученици од сите возрасти. Тука учениците и наставниците работат заедно за да го подобрат квалитатот на образованието и да ги подготват учениците за иднината. Дополнително, нашето училиште ги промовира вредностите на почит, одговорност и солидарност, преку различни настани кои ги поттикнуваат учениците да бидат повеќе вклучени во заедницата.

Нашето училиштето има ресурси кои постојано се надоградуваат со цел да се олесни учењето, да се подобри искуството на учениците и добро да се насочат. Преку вонnаставните активности, клубовите, спортските тимови и организирањето на настаните, им се помага на нашите ученици да ги развијат интересите, талентите, да откриваат нови страсти и да ги развиваат и подобрат социјалните вештини.

Наставата се изведува во современа училишна зграда каде се опфатени ученици од I до IX одделение. Во организациската поставеност имаме можност за опфат на ученици заинтересирани за целодневен престој од I до IV одделение, а за учениците од V до IX одделение наставата се изведува во две смени. Училиштето овозможува и организирана исхрана за учениците во сопствена кујна. Во однос на наставната програма, нашето училиште има добро структурирана програма која вклучува различни предмети, а наставните методи се разновидни и интерактивни, што ги прави часовите што е можно попријатни и интересни. Овие предмети ги реализираат добро обучен и искусен наставен кадар кој континурано професионално се надоградува за примена на современа наставна методологија и кои го посветуваат своето време и напори за да им помогнат на учениците.

Нашето училиште е средина кој им помага на учениците да го разберат светот, да откријат нови области на интерес и да развијат односи со различни луѓе. Нашето училиште е важна образовна институција што ни дава можности за учење и развој. Ние, даваме пристап до квалитетни образовни ресурси, широк спектар на вонnаставни активности и наставна програма која ги подготвува учениците за различни образовни и професионални можности.

**Што правиме да бидеме подобри?**

Самовреднувањето има за цел да го испита квалитетот во наставата, перформанси, вештини и ставови и севкупниот живот и работа во училиштето, како и негово подобрување. Од спроведените анализи и согледувања се добија показатели за подобрување и унапредување на одредени сегменти и подрачја во работата на училиштето. Самовреднувањето е насочено кон:

- Претворање на општите цели во конкретни задачи и задолженија;
- Хармонизирање и балансирање на обврските на ниво на стручни активи и поединци;
- Организираност, систематичност и сигурност во работата во делувањето на сите субјекти на ниво на училиште;

- Можност за воспоставување квалитетен систем на следење, анализирање и вреднување на работата.

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ „Блаже Конески“ |
| **Адреса, место, општина** | Ул. „Љубљанска“ бр.1 Велес |
| **Телефон** | 043 222 090 |
| **Факс** | / |
| **Веб-страница** | www.blazekoneskiveles.com |
| **Е-пошта** | blazhekoneski-veles@schools.mk |
| **Основач** | Советот  на Општина Велес |
| **Верификација-број на актот** | 09 – 3692/3 |
| **Година на изградба** | 1982 |
| **Тип на градба** | Тврда грдба |
| **Внатрешна површина на училиштето (m2)** | 9600 м$^2$ |
| **Училиштен двор (m2)** | 11200м$^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1500м$^2$ |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |
| **Училиштето работи во смени** | Да |
| **Број на паралелки** | 40 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето** | Македонски јазик |

| | |
|---|---|
| **Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Не |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | Не |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | Не |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Училиштето двапати е добитник на зелено знаме |



## *Мисија*

**Ние сме современа средина во која учениците со демократско учество, меѓусебна толеранција и почитување на разликите, стекнуваат соодветни знаења, ставови и вештини кои ги оспособуваат за живот.**

## *Визија*

**Инклузивно, интегрирано и конкурентно училиште насочено кон ученикот, кој критички размислува и активно е вклучен во процесите на одлучување, стекнување на знаења, вештини и компетенции согласно со предизвиците на демократското мултикулурно општество.**

## *Мото*

**Постоиме, создаваме, постигнуваме....**



## ОБЛАСТ БР. 1 – Организација и реализација на наставата и учењето

| **1.1 Наставни планови и програми** | |
|---|---|
| Извори и документи за увид | Информации кои се собрани |
| - Наставни планови и програми кои се одобрениод МОН;<br>- Годишни, глобални тематски планирања по наставни предмети;<br>- Дневни планирања на наставниците; | **1.1.1 Применувани наставни планови и програми**<br>Воспитно образовната работа во ООУ „Блаже Конески“ Велес се реализира врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.<br>Наставниците навремено се информираат за новините и измените во наставните планови и програми пред почетокот на учебната година од страна на стручната служба. Наставниците редовно ги подготвуваат планирањата и навремено ги доставуваат до педагошко-психолошката служба. |

| | |
|---|---|
| - Годишна програма на училиштето;<br>- Дневник на паралелката од 1 – 9 одд.;<br>- Записници од родителски средби;<br>- Записници од родителски совети на училиштето;<br>- Записници од наставнички совети на училиштето и активите;<br>- Упатство за реализација на скратените наставни програми во основното и во средното образование во учебната 2020/2021 година;<br>- Записник од Училиштен одбор;<br>- Евидентни и аналитички листи за описно оценување;<br>- Анкета со наставници, родители и ученици;<br>- Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници, родители, ученици; | Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br><br>Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. За учениците од I – IV одделение се организира продолжен престој.<br><br>Наставата во училиштето се изведува во две смени.<br><br>Наставните планови за учебната 2022/2023 год. Навремено испратени од МОН и во целост имплементирани од страна на наставниците во оддделенска и преметна настава.<br><br>Наставни програми се базираат на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма за секој наставен предмет што редовно се реализира, согласно утврдениот наставен план, со тоа што во нив, за оваа учебна година, е направен соодветен избор на наставни содржини, неопходни теми за реализација за да се овозможи стекнување на знаења и вештини предвидени со наставните програми и обезбедување на вертикална проодност во наредното одделение/година.<br><br>**1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на првиот состанок со родителите преку брошура, веб - страницата на училиштето, а исто така се посочува и веб - страницата на БРО како извор на информации. На родителската средба одделенскиот раководител или предметниот наставник ги запознава родителите со наставните цели, критериуми и стандарди на оценување за секој наставен предмет кој го изучуваат учениците во тоа одделение.<br><br>Од спроведената анкета за родители 64,4 % од родителите сметаат дека училиштето ги информира за наставните планови и програми што се реализираат во |

| | |
|---|---|
| - План и програма за работа на Совет на одделенски наставници и Совет на предметни наставници;<br>- Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>- Изработени ИОП за ученици со посебни образовни потреби<br>- Записници од состаноци<br>- меѓу училишните тимови за инклузија (родител,<br>- наставник и стручните соработници);<br>- Материјали од постапката за определување изборни предмети;<br>- Проширена програма на училиштето;<br>- Анкетни прашалници за изборни предмети;<br>- Упатство за определување на учениците за изборни предмети;<br>- Упатството за начинот на реализација на наставата по изборните предмети во | училиштето.<br>**1.1.3.Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**<br>Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП. Училиштето има Процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните програми по сите наставни предмети во соработка и поддршка со специјалниот едукатор и рехабилитатор. Во учебната 2021/2022 год. и 2022/2023 год. во училиштето учи еден ученик со посебни образовни потреби со кои се работи според модифицирана наставна програма. Во училиштето има формиран Училиштен инклузивен тим кој е составен од директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, двајца родители на деца со посебни потреби, одделенски наставник и предметен наставник. Овој тим се грижи за инклузивната политика на училиштето. Секој инклузивен тим за ученик е вклучен во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), ја следи реализацијата на ИОП, прави ревизија на усвоеноста на диференцираните цели, соработува со родителот и ако има потреба го упатува детето на дополнителни третмани надвор од училиштето.<br>**1.1.4.Избор на наставни предмети**<br>Училиштето дава можност на учениците самостојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби. Изборот на наставни предмети се врши според Упатство за определување на учениците за изборни предмети и Водичот за изборни предмети. Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. При изборот се почитуваат потребите и барањата на учениците. Учениците вршат избор на наставни предмети преку анкетни листови за родителите кои се задаваат во месец мај, а се однесуваат за следната учебна година.<br>За учебната 2021/2022 и 2022/2023 год. изборот на наставни предмети се вршеше според Водичот за слободни изборни предмети.<br>Изборните предмети се изучуваа со 72 часа годишен фонд на часови. Наставата по изборните предмети училиштето ја организираше во групи за кои се пријавени |

| | |
|---|---|
| основното образование во учебната 2022/2023 година. | најмалку 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки.<br>**1.1.6.Реализација на проширени програми**<br>Во училиштето се рализираат проширени програми, училиштето организира продолжен престој за сите учениците од I до IV одделение.<br>Сите наставници имаат изготвено и реализираат проширени програми за работа со талентирани и надарени ученици, со учениците од деветто одделение се реализира програма за професионална ориентација, со учениците кои учествуваат на натпревари се работи според проширени програми изработени од наставниците. Сите одделенски наставници кои водат целодневен престој имаат изработено соодветна програма за таа активност. |
| **<u>Јаки страни</u>**<br>• **Училиштето ги информира учениците и родителите во врска со реализацијата на наставните планови и програми;** | |

| **1.2. Квалитет на наставните планови и програми** | |
|---|---|
| Извори и документи за увид | Информации кои се собрани |
| - Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>- Самоевалуација на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Тематски/тематско процесни планирања на наставниците; | **1.2.1.Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**<br>Наставните планови и програми преку наставните содржини и поставените цели позитивно придонесуваат за личниот и општествениот развој на учениците без разлика на родовата и етничката припадност со ставање акцент на јакнење на самодовербата, соработката и разрешувањето на конфликтите на најсоодветен начин. Наставните планови и програми наставниците ги реализираат и притоа ставаат акцент на мултикултурализмот, родовата и етничката рамноправност. Тие се имплементирани освен во наставните содржини и во програмата за часот на одделенската заедница според програмата Образование на животни вештини и преку реализација на активности |

| | |
|---|---|
| - Нормативни акти на училиштето;<br>- Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Анкети со наставници, родители и ученици;<br>- Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците;<br>- Записници од Училишниот одбор, Инклузивниот тим, Советот на родители и стручните органи на училиштето;<br>- Брошури и интернет-страница на училиштето. | во рамките на проектот МИМО. Темите кои се изучуваат се обработуваат преку работилници, дебати и дискусии со што им се дава поголема можност на учениците од различна етничка и верска припадност и различен економски и социјален статус да го искажуваат своето размислувањеа, своите ставови, традиционални вредности, а на наставникот му се дава можност директно да го набљудува ученикот и да го насочува кон препознавање на родовиот и етничкиот концепт и постигнување на родова и етничка рамноправност. На овој начин учениците искуствено учат да ги почитуваат разликите без предрасуди и да го почитуваат мислењето на соговорникот.<br><br>**1.2.2.Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br><br>Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и младинското учество. Наставните програми се интегрираат со карактеристиките и потребите на локалната средина преку наставни и воннаставни активности.<br><br>Реализацијата на овие интеграции се врши со посета на научни, производствени и образовни институции: музеи, библиотеки, посета на археолошки локалитети, производствени погони во фабрики, посета на Општината, соработка со МВР преку разни едукации и заеднички активности, посета на здравствени установи преку презентации на стручни лица поврзани со чување на здравјето, со цел развивање здрави навики за одржување на хигиена итн. Сите овие активности придонесуваат за да можат учениците практично да ги осознаат новите содржини и поими.<br><br>**1.2.3.Интегрирање на општите (меѓупредметните цели) на образованието**<br><br>Меѓупредметните цели кои се застапени во поголем дел од наставните програми се развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество. Наставниците добиваат насоки од стручните соработници според кои ќе се врши интегрирањето на меѓупредметните цели во планирањата на наставниците. Во планот и |

| | |
|---|---|
| | програмата на часот на одделенската заедница според програмата Образование на животни вештини планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми по предлог на ученциите, а кои се во согласност со нивната возраст. Поголем број наставници ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели. Во училиштето постои интеграција на меѓупредметните цели особено во одделенска настава (интеграција по предмети).<br><br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, но не во сите наставни програми што се реализираат.<br><br>**1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови програми**<br><br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го поттикнуваат развојот на трансверзалните вештини на учениците. Наставниците имаат разгледувано можности за промена на плановите и програмите, но за тоа не е покрената иницијатива до МОН и БРО за изменување и дополнување на плановите и програмите.<br><br>Од спроведеното истражување наставниците и родителите се изјаснија дека постоечките наставни планови и програми одобрени од МОН веќе се опфатени промените во однос на обемот и содржините. |

**Јаки страни**

- **Училиштето ги поддржува и активно учествува во активностите организирани од локалната средина преку воннаставни активности;**
- **Ученичкиот парламент е активно тело во училиштето кое преку активности и иницјативи го подобрува работењето на ученичката заедница.**

**Слаби страни**

| |
|---|
| • **Училиштето нема разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат;** |
| **<u>Приоритети</u>**<br>• **Да се изработат насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.** |

| **1.3 Воннаставни активности** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Програми за додатна, дополнителна настава и воннаставни активности;<br>- Дипломи, благодарници, пофалници за освоени награди;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>- Записници од стручни активи и ученичка заедница; | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и за развививање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во слободното време.<br>Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.<br>Наставниците во своите планирања имаат и распоред за одржување на додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности и подготовка на ученици за натпревар.<br>Преку вонанаставните активности се истакна работата на слободните ученички и спортски активности, како и проектите во кои е вклучено нашето училиште. За дел од активностите беше остварена соработка со локалната средина. Информации за истите беа споделени преку социјалните медиуми и веб страната на училиштето.<br>Во изминатите учебни години активно се реализираат активности во рамки на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштето со друг |

| | |
|---|---|
| - Список на ученици вклучени во воннаставни активности; | наставен јазик - училиштето „Рајко Жинзифов“ од Горно Оризари. Се реализираат работилници, меѓусебни посети, манифестации и спортски и други активности.<br><br>Како дел од воннаставните активности се планираните и реализирани ученички екскурзии и излети. Тие се организираат и реализираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови на педагошко организирање на слободното време на учениците. |
| - Педагошка евиденција и документација;<br>- Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>- Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>- Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>- Увид во интернет-страницата, фан - страната на социјалната мрежа facebook итн. | **1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br><br>Училиштето овозможува сите ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа и учениците со посебни образовни потреби.<br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на општински, регионални, градски, државни и меѓународни натпревари и манифестации. Со нивната поддршка учениците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области. За постигнатите резултати секогаш се пофалувани и наградувани.<br>Избран е и ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.<br>Ученичкото организирање преку ученичкиот парламент им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето. Беа вклучени во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со наставата, но и со воннаставните активности. |
| - Педагошка евиденција и документација; | **1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности** |

| | |
|---|---|
| - Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>- Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за вонnаставни активности;<br>- Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>- Увид во интернет-страницата, фан - страната на социјалната мрежа facebook итн. | Сите воннаставни активности се организираат на слободен избор на учениците, со почитување на нивните афинитети и интереси, со почитување на слободното време на учениците, разликите во полот, интелектуалниот и физичкиот развој, социјалната средина.<br>Учениците се поттикнуваат и охрабруваат да се вклучат во воннаставните активности. За постигнатите резултати, училиштето има механизам за промоција на истите, а на крајот од наставната година се избира првенец на генерацијата од завршните одделенија.<br>Училиштето им обезбедува на родителите навремени и достапни информации за програмата на воннаставните активности и им овозможува нивна целосна партиципација во донесувањето одлуки во врска со планирањето на воннаставните активности. |
| - Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>- Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>- Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>- Увид во интернет-страницата, фан - страната | **1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Со оглед на тоа што воннаставните активности ја збогатуваат воспитно-образовната работа на училиштето, нивната привлечност за учениците придонесува за подобрување на севкупната привлечност на самото училиште.<br>Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користело различните медиуми (на пр. интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.) и ги промовирало активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнерското училиште. |

| | |
|---|---|
| на социјалната мрежа facebook итн. | |

**<u>Јаки страни</u>**

- **Секој ученик има можност да одбере вонаставна активност според потребите, желбата и интересот**
- **Учениците активно учествуваат во вонаставните активности и на тој начин се промовираат лично и придонесуваат за афирмација на училиштето.**
- **Училиштето има веб-страна, фан страна на социјалната мрежа фејсбук за афирмирање на учениците и училиштето преку вонаставните активности и постигнатите резултати во нив.**

**<u>Слаби страни</u>**

- **Учениците немаат соодветен уреден простор за реализација на разни вонаставни активности, наставни средства и материјали.**

**<u>Приоритети</u>**

- **Училиштето ќе превземе активности за соодветно уредување на простории во кои ќе се реализираат разни вонаставни активности и обезбедување на наставни средства и материјали**

| **3.1 Планирања на наставници** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишни, тематски и дневни планирања;<br>- Планирања за додатна, дополнителна настава и вонаставни активности; | **3.1.1 Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Воспитно образовната работа во училиштето се реализира од страна на наставниците според претходно изготвени планирања кои се изработуваат според програмите и насоките дадени од МОН и БРО. |

| | |
|---|---|
| - Планирања од стручните активи;<br>- Записници од увид во планирањата;<br>- Записници од состаноци на стручните активи;<br>- Интервју со директор, стручна служба и наставници;<br>- Наставнички портфолија;<br>- Сертификати;<br>- Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници. | Директорот и стручните соработници ја планираат поддршката и следењето на планирањата на наставниците.<br>Годишните и тематски планирања се прибираат и разгледуваат непосредно пред почетокот на учебната година. Оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината и при посетата на часови од страна на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим во училиштето обезбедува поддршка на наставниците за изработка на ИОП.<br>Наставниците имаат потреба од поддршка и од доусовршување при изготвување на планирања и програми за работа со талентирани и надарени ученици. |
| - Годишни, тематски и дневни планирања;<br>- Планирања за додатна, дополнителна настава и воннаставни активности;<br>- Планирања од стручните активи;<br>- Записници од увид во планирањата;<br>- Записници од состаноци на стручните активи; | **3.1.2.Индивидуални планирања на наставниците**<br>Сите наставници навремено ја планираат наставата и на почетокот на секоја учебна година тие доставуваат планирања за редовната, дополнителната, додатната настава и воннаставни активности.<br>Наставниците доставуваат годишни, тематски и дневни планирања кои во себе ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br>Целите на наставата и очекуваните резултати од часот, наставните форми, методи и техники кои наставникот ги употребува при реализација на часот се јасно опишани во планирањата на наставниците. Исто така опишани се активностите на часот, домашната задача која ја задава наставникот за наредниот час и начинот на оценување на учениците. Наставниците во планирањата вклучуваат евалуација на реализираните часови за обработка на нови содржини и на часовите за повторување и утврдување на наученото и тие ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на |

| | |
|---|---|
| - Интервју со директор, стручна служба и наставници;<br>- Наставнички портфолија;<br>- Сертификати;<br>- Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници. | учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Во планирањата наставниците интегрираат ИКТ, ЕКО и МИМО содржини.<br>Планирањето на наставата по наставни програми е во согласно со наставниот план и ги опфаќа целите, резултатите од учење и определените поими за програмските содржини на сите теми/програмски подрачја утврдени во редовните наставни програми. |
| - Годишни, тематски и дневни планирања;<br>- Планирања за додатна, дополнителна настава и воннаставни активности;<br>- Планирања од стручните активи;<br>- Записници од состаноци на стручните активи;<br>- Интервју со директор, стручна служба и наставници;<br>- Наставнички портфолија;<br>- Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници. | **1.4.3. Размена на искуства и информации при планирањето**<br>За подобрување на квалитетот на планирањата, наставниците разменуваат искуства во рамки на стручните активи.<br>Тие ги идентификуваат потребите на учениците за планирање на следни чекори во учењето за поголеми резултати. |
| - Распоред на часови | **1.4.4.Распоред на часови** |

| | |
|---|---|
| - Записници од состаноци на стручните активи;<br>- Анкетни прашалници со ученици, родители и наставници. | Распоредот на часови се изработува во согласност со наставниот план и во соработка со директорот, стручната служба и наставниците. Распоредот е изработен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места во училиштето. Истиот се реализира според предвидената динамика и според утврдените потреби на учениците. |
| **<u>Јаки страни</u>**<br>• **Наставниот кадар континуирано професионално се усовршува во училиштето.** | |
| **<u>Слаби страни</u>**<br>• **Наставниците имаат потреба од доусовршување при изготвување на планирања и програми за работа со талентирани и надарени ученици**. | |
| **<u>Приоритети</u>**<br>• **Доусовршување и подршка на наставниците за изготвување на планирања и програми за работа со надарени и талентирани ученици.** | |

| **3.2 Наставен процес** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; | **1.5.1. Наставни форми и методи**<br>При реализацијата на наставата се користат разновидни наставни форми и методи кои се соодветни на потребите, можностите на учениците и нивните стилови на учење. Добро испланираните форми на работа овозможуваат поголема активност на учениците:<br>- групна форма на работа која овозможува развивање позитивен однос кон работата и зголемување на мотивираноста за работа; |

| | |
|---|---|
| - Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;<br>- Годишни, тематски, дневни планирања;<br>- Програма за работа на директор/стручна служба;<br>- Професионално досие на наставникот;<br>- Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители; | - работа во парови со взаемно помагање и надополнување;<br>- индивидуален пристап што овозможува оптимален напредок на секој ученик според неговите можности.<br>Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини за учење кај секој ученик преку различните видови настава:<br>- дополнителна настава за учениците со тешкотии при совладувањето на материјалот;<br>- додатна настава за надарени ученици;<br>- учество во проекти;<br>- учество на натпревари (државни и меѓународни).<br>Со методите и формите на работа кои ги применуваат наставниците при наставата се врши интеграција на трите димензии за идеална средина за учење:<br>- интерактивност, ангажман и соработка;<br>- социјална интеракција за развој на социјалниот контекст, социо-културната и социо-когнитивната средина;<br>- технологија која поттикнува можности за надградба и проширување на знаењето. |

| | |
|---|---|
| - Стандарди и критериуми за оценување. | |
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;<br>- Годишни, тематски, дневни планирања; | **1.5.2. Употреба на ИКТ во наставата**<br>Во годишните планирања наставниците имаат планирано и реализираат наставни содржини со примена на ИКТ.<br>Најчесто се користат: презентации, интерактивни презентации, анимации, симулации, видеозаписи, аудиозаписи, дијаграми, мапи, квизови и текстови.<br>Покомплексните е-содржини кои се користат се снимени видеолекции пропратени со презентација кои наставниците најчесто ги применуваат за да ги прошират и продлабочат знаењата на учениците, да ги подобрат постигнувањата и да направат проверка на знаењата и постигнувањата на учениците.<br>Дел од наставниците преку снимање на голем број видеолекции учествуваат во збогатување на образовниот портал за дигитални содржини Едуино кој е поддршка на образовниот процес во услови на учење од далечина.<br>Преку посета на онлајн вебинари наставниците се оспособуваат за примена на дигитални алатки што се користат во наставата, но потребна е уште поголема поддршка во развивање на дигиталните компетенции како дел од основните компетенции на наставниците. |

| | |
|---|---|
| - Програма за работа на директор/стручна служба;<br>- Професионално досие на наставникот;<br>- Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители;<br>- Стандарди и критериуми за оценување. | |
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за | **1.5.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Наставниците избираат задачи и активности кои се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците и се во согласност со предвидените цели и очекувани резултати во наставата.<br>Сите задачи и активности кои се реализираат во училиште или дома се поврзани со работата на учениците за време на часовите и се прилагодени на нивните потреби.<br>При реализација на наставата се планираат и реализираат различни синхрони и асинхрони активности кои се во функција на наставната содржина и им помагаат на учениците полесно да стекнуваат трајни функционални знаења, вештини и компетенции.<br>Повеќето од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава не ограничувајќи се исклучиво на учебници. Преку користење на дополнителна стручна литература, речници, интернет, изработка на проектни задачи кои вклучуваат примена на ИКТ во наставата, истражување, изработка на презентации се поттикнува поголем интерес кај учениците кон темите што се изучуваат.<br>За учениците кои имаат тешкотии при совладувањето на материјалот и посетуваат дополнителна задача се прави избор на задачи со различно ниво на сложеност што му овозможуваат на секој ученик да напредува според своите можности и способности. Наставниците прават избор на задачи со повисоко тежинско ниво, различни активности и |

| | |
|---|---|
| оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;<br>- Годишни, тематски, дневни планирања;<br>- Програма за работа на директор/стручна служба;<br>- Професионално досие на наставникот;<br>- Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители;<br>- Стандарди и критериуми за оценување. | ресурси за учениците кои посетуваат додатна настава и покажуваат особени резултати во одредени наставни дисциплини. На тој начин се обезбедува системско унапредување на нивните способности и постигнување на високи резулатати при учество на натпревари кое посебно се зајакна во учебната 2022/2023 година. Потребна е поголема поддршка на наставниците во насока на доусовршување за работа со надарени и талентирани ученици за постигнување на уште повисоки резултати.<br>При реализација на наставата се користат и ресурсите со кои располага училиштето како што е училишната библиотека, нагледни средства и техничка опрема во кабинетите и училниците.<br>За поуспешна реализација на наставниот процес потребна е поголема опременост на кабинетите и училниците со наставни и технички средства, пред се современа компјутерска технологија која ќе биде во насока на успешно спроведување на дигитализацијата во образованието предвидена со новата образовна концепција. |
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; | **1.5.4. Приодот на наставникот кон учениците**<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности. Наставниците редовно ги запознаваат учениците со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците. Најголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во |

| | |
|---|---|
| - Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;<br>- Годишни, тематски, дневни планирања;<br>- Програма за работа на директор/стручна служба;<br>- Професионално досие на наставникот;<br>- Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители;<br>- Стандарди и критериуми за оценување. | наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. |

| | |
|---|---|
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;<br>- Годишни, тематски, дневни планирања;<br>- Програма за работа на директор/стручна служба; | **1.5.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, помош, толеранција и доверба. Се создава клима во која се надминуваат стереотипите и предрасудите во однос на пол, религиска или етничка припадност, способности, социјално потекло, физичка или интелектуална попреченост.<br>Наставниците ги поттикнуваат учениците да го искажат своето мислење и ставови во врска со одреден проблем преку учество во дискусии и дебати така што се зголемува самодовербата кај учениците. Овој пристап на наставниците ги охрабрува учениците за поставување на прашања за содржини кои не им се јасни и не можат да ги совладаат.<br>Наставниците ја почитуваат личноста на ученикот, не прават разлика во однос на социјално потекло, пол, религиска или етничка припадност и за сите ученици се обезбедуваат еднакви можности за напредок.<br>Наставниците често ја користат пофалбата како начин да ги мотивираат учениците за поголеми постигнувања и на овој начин учениците се чувствуваат сигурни слободно да го изразат своето мислење без страв дека ќе бидат исмеани или отфрлени. Учењето во училницата е активно, динамично и на часовите има работна атмосфера.<br>Примената на разновидните и современи методи и техники за учење овозможуваат интеракција на релација наставник-ученик и ученик-ученик. Интеракцијата е застапена на часовите за усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата, која се согледува преку дискусија, дебата, решавање проблемски ситуации и слободна размена на мислење.<br>Наставниците редовно ги споделуваат целите и очекуваните резултати од учењето на начин разбирлив за учениците, а при поучувањето ги имаат во предвид предзнаењата на учениците, возраста и нивните потенцијали.<br>Од извршената анализа на анкетните прашалници се согледува дека најголем дел учениците се целосно задоволни од нивната комуникација и соработка со наставниците, а добрата интеракција и однос помеѓу наставниците и учениците е позитивен пример за комуникација и соработка помеѓу самите ученици. |

| | |
|---|---|
| - Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители; | |
| - Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; | **1.5.6. Следење на наставниот процес**<br>Училиштето го планира следењето на наставниот процес. Директорот на училиштето и стручните соработници редовно го следат работењето на наставниците. Се врши увид во годишни, тематски и дневни планирања на наставниците. Секој наставник се посетува најмалку двапати годишно од директорот и/или стручните соработници, а наставниците приправници по потреба и почесто. Посетата на часовите се следи со евидентен лист за активностите на ученикот и наставникот, се изготвуваат извештаи за посетените часови и се остварува консултативен разговор со наставникот.<br>На ниво на стручни активи се планираат и реализираат отворени и нагледни часови преку кои се разменуваат искуства помеѓу наставниците во насока на подобрување на наставниот процес.<br>Наставниците редовно добиваат стручна методска помош при реализација на наставата од педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, стручен актив или ментор.<br>Сите наоди од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |

| | |
|---|---|
| - Годишни, тематски, дневни планирања;<br>- Програма за работа на директор/стручна служба;<br>- Професионално досие на наставникот;<br>- Анкети / Интервјуа со наставници, ученици и родители; | |

**Јаки страни**

- **Директорот, стручните соработници и тимот за професионален развој даваат поддршка и го следат планирањето на наставата, како и работењето на наставниците и наставниот процес**
- **Се користат различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потреби на учениците;**

**Слаби страни**

- **Недоволна размена на искуства со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници;**

**Приоритети**

- **Организирање работилници за размена на искуства со надворешни соработници – наставници од други училишта, советници;**

| **3.3 Искуства на учениците од учењето** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Анкета за ученици;<br>- Анкета за наставници; | **1.6.1. Средина за учење** |

| | |
|---|---|
| - Анкета за родители;<br>- Увид на ученички досиеја;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Кодекс на однесување;<br>- Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>- Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>- Записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција;<br>- Упатство за методика на наставата на далечина во основното и средното образование;<br>- Интервју со претседателот на Ученичкиот парламент. | Средината во која учениците учат треба да биде стимулативна, инклузивна интеркултурна и мотивирачка – место во кое учениците пријатно ќе се чувствуваат, средина која мотивира и поттикнуува интерес за учење. Според извршената анкета, учениците се изјаснија дека многу пријатно се чувствуваат и со задоволство доаѓаат на училиште. Учениците училиштето го доживуваат како мотивирачка, стимулативнаи безбедна средина за учење заради: современите методи и техники за учење, осовременувањето на просториите, заедничкиот училишен простор кој е добро естетски уреден, другарувањето, меѓусебното почитување и соработката. Училниците и другите простории во училиштето ги мотивираат, ги стимулираат и ги поттикнуваат да добијат интерес за учење и напредување. Трудовите на учениците во текот на наставата редовно се изложуваат на видни и соодветни места како што се училишни катчиња, училница и холовите внатре во училиштето почитувајќи ги естетските норми и редовно менувајќи ги согласно целите на наставата и учењето. |
| - Анкета за ученици;<br>- Анкета за наставници;<br>- Анкета за родители;<br>- Увид на ученички досиеја; | **1.6.2. Атмосфера за учење**<br>Атмосферата за учење во училиштето е пријатна за сите ученици. Ученици учествуваат во уредувањето и разубавувањето на училниците со нивни трудови. Така уредените училници им се допаѓаат на учениците и учењето во училиштето е пријатно место за сите ученици. Сите ученици рамноправно во избалансиран и хетероген состав се вклучуваат во активностите на часовите во редовната настава и во воннаставните активности. Наставниците ги охрабруваат сите ученици самостојно да мислат и ги |

| | |
|---|---|
| - Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Кодекс на однесување;<br>- Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>- Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>- Записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција;<br>- Упатство за методика на наставата на далечина во основното и средното образование;<br>- Интервју со претседателот на Ученичкиот парламент. | мотивираат активно да се вклучуваат во учењето и наставата. Сето она што учениците го учат на часовите е применливо во секојдневниот живот и се што ќе научат умеат да го применат и да го искористат во реалниот живот. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици |
| - Анкета за ученици;<br>- Анкета за наставници;<br>- Анкета за родители;<br>- Увид на ученички досиеја;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Кодекс на однесување; | **1.6.3. Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>Сите наставници и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ја зголемат својата креативност, да преземаат одговорности, да размислуваат самостојно и активно да се вклучуваат во учењето преку проектни активности, дискусии, дебати и истражувачки работи, преку кои стекнуваат поголема самодоверба и почит. Дел од учениците поттикнати од наставникот преземаат одговорности за решавање на проблеми и надвор од наставата и имаат целосна поддршка од наставниците бидејќи тие кај нив ги поттикнуваат и индивидуалните интереси, афинитети и способности. |

| | |
|---|---|
| - Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>- Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>- Записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција;<br>- Упатство за методика на наставата на далечина во основното и средното образование;<br>- Интервју со претседателот на Ученичкиот парламент. | |
| - Анкета за ученици;<br>- Анкета за наставници;<br>- Анкета за родители;<br>- Увид на ученички досиеја;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Кодекс на однесување;<br>- Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците; | **1.6.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br>Преку организирани форми на работа се поттикнува интеракција на учениците меѓу себе. Учениците остваруваат добра и корисна соработка со возрасните во училиштето. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти во наставата и надвор од неа како и на вонннаставни и на проектни активности со меѓусебна соработка. Работата во групи им помага во нивната социјализација, откривање на меѓусебните сличности и разлики, кои се прифаќаат и почитуваат. Учениците сметаат дека училиштето е значаен фактор во градењето на нивната личност и нивните способности. |

| | |
|---|---|
| - Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>- Записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција;<br>- Упатство за методика на наставата на далечина во основното и средното образование;<br>- Интервју со претседателот на Ученичкиот парламент. | |

**Јаки страни**

- **Помеѓу учениците и наставниците постои добра соработка при реализирањето на училишните активности;**
- **Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина;**
- **Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот самостојно и критички да мислат, да формираат сопствено мислење и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.**

| **3.4 Задоволување на потребите на учениците** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Прашалник за ученици; | **1.7.1. Идентификација на образовните потреби на учениците** |

| | |
|---|---|
| - Прашалник за родители;<br>- Прашалник за наставници;<br>- Разговор со ученичката заедница, наставниците;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Дневници за одделенска и предметна настава;<br>- Годишна програма за работа на директор и педагог;<br>- Годишен извештај за работата на училиштето. | Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар и дефектологот, заедно со психологот и педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување.<br>Реализацијата на целите е предвидена според Наставниот план и програма.<br>Различните потреби кај учениците се задоволуваат преку диференциран пристап со учениците во зависност од нивните можности и способности.<br>Доколку се јават пречки во процесот на учење кај некои ученици стручната служба во соработка со наставниот кадар работи на нивно отстранување. За учениците со посебни потреби задолжително се изработува ИОП и истите се интегрирани во редовната настава со другите ученици. Инклузивниот тим во процесот на поучување заедно со наставниците работи со цел учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.<br>Доколку во одделението има талентирани и надарени ученици со истите се работи на додатна настава преку која се проширува и надоградува и продлабочува нивното знаење. |
| - Прашалник за ученици;<br>- Прашалник за родители;<br>- Прашалник за наставници;<br>- Разговор со ученичката заедница, наставниците;<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>- Дневници за одделенска и предметна настава; | **1.7.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Секој ученик има различни потреби за учење во наставата. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им овозможуваат на учениците во согласност со нивните различни стилови на учење да можат на најлесен начин да го совладаат наставниот материјал.<br>Во рамките на Процедурата за надарени и талентирани ученици се идентификуваат талентираните и надарените ученици. Изготвена е програма за работа со овие ученици, се практикува индивидуален пристап, се определуваат активности и натпревари за талентирани и надарени ученици. Прибирање информации и следење на напредокот на надарените и талентираните ученици е од страна на наставникот и училишниот педагог.<br>За учениците со емоционални потешкотии и емоционални проблеми најпрво се врши идентификација и врз основа на тоа се изготвува програма за работа со овие |

<table>
<tr><td>

- Годишна програма за работа на директор и педагог;
- Годишен извештај за работата на училиштето.

</td><td>ученици. Се практикува индивидуален пристап, се утврдува дали превземените мерки вродиле резултат и се добива совет од страна на педагогот на училиштето.<br><br>Учениците кои имаат емоционални тешкотии и емоционални проблеми најпрво се врши идентификација во соработка со стручните соработници и врз основа на тоа се изготвува Програма за работа со овие ученици.</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Јаки страни**

- **Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување;**
- **Наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој;**
- **Наставниците ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата.**

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Слаби страни**

- **Нема Процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби – надарени, талентирани ученици, ученици со емоционални потешкотии и проблеми и ученици со специфични потешкотии во учењето (дислексија, дискалкулија, дисграфија).**

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Приоритети**

- **Изготвување процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби – надарени, талентирани ученици, ученици со емоционални потешкотии и проблеми и ученици со специфични потешкотии во учењето (дислексија, дискалкулија, дисграфија).**

</td></tr>
</table>

| 3.5 Оценувањето како дел од наставата | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Програма за работа на училиштето;<br>- Увид во педагошка евиденција и документација;<br>- Правилник за оценување на напредокот на учениците;<br>- Интерен правилник за оценување;<br>- Записници од стручни активи;<br>- Рапоред за изведување на дополнителна и додатна настава;<br>- Стандарди за оценување;<br>- Анкети од ученици, родители, наставници;<br>- Инструменти за следење и вреднување на работата на наставникот за оценување на напредокот на учениците; | **1.8.1. Училишна политика за оценување**<br>Училиштето континуирано работи на подобрување на системот за оценување, со цел да се подобри поучувањето и учењето на секој ученик во него. Притоа, применува позитивни законски прописи кои го регулираат редовното дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Следењето и оценувањето на учениците се планира во Развојниот план на училиштето и во годишниот план за работа се определуваат цели кои се поврзани со следењето и оценувањето. Следењето и оценувањето се планира во глобалниот годишен план, тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час каде се вклучени целите, принципите, задачите, содржината, формите и методите, оценувањето и ресурсите поврзани со учењето по сите наставни предмети. Сите наставници ги планираат и очекуваните исходи во своите тематско-процесни планирања, што придонесе за подобрување на оценувањето на учениците. Унапредувањето на квалитетот на оценувањето е секојдневна наставна практика во нашето училиште и се работи на усвојување на Училишна политика за оценување. На почетокот на учебната година учениците и родителите целосно се запознаваат со начинот на работа, стандардите и критериумите на оценување на учениците. Во зависност од образовните потреби на ниво на стручни активи наставниците имаат усогласено стандарди и критериуми на оценување кои доследно се поклопуваат со оние на училиштето. Процесот на оценување од почетно дијагностичко оценување кое преминува во формативно за да се заклучи со сумативните годишни оценувања е континуиран и се следи со разнообразни инструменти и методи на оценување. Усните и писмени повратни информации се даваат паралелно со оценувањето кое е јавно при што секоја оценка е образложена со факти и предлози за подобрување на напредокот на секој ученик индивидуално. |

| | |
|---|---|
| - Инструмент за индивидуализирани начини на проверка;<br>- Записници од инклузивен тим. | |
| - Програма за работа на училишетето;<br>- Увид во педагошка евиденција и документација;<br>- Правилник за оценување на напредокот на учениците;<br>- Интерен правилник за оценување;<br>- Записници од стручни активи;<br>- Распоред за изведување на дополнителна и додатна настава;<br>- Стандарди за оценување;<br>- Анкети од ученици, родители, наставници;<br>- Инструменти за следење и вреднување на работата на наставникот за оценување | **1.8.2. Методи, форми и инструменти на оценување**<br>Користењето на различни техники, форми и методи за оценување е секојдневна практика на наставниците во училиштето. Транспарентноста на процесот на оценување започнува со активноста на часот како дел од формативниот начин на оценување (самооценувањето кое е неизбежен дел од секој добро подготвен начин на евалуација-било да станува збор за рефлексијата на наставникот или процесот на себеоценување меѓу учениците, самооценување на изготвената задача, поттикнување на градење на критериуми за сопствена наобразба и водење на портфолио како збир на севкупната работа) па се до стандардизирани тестови (со јасно назначени тежински нивоа) како дел од сумативниот начин на оценување. Секој посебно избран приод кон реализирање на поставените цели води кон подобрување на постигнувањата. Наставниците кои работат со изготвување на индивидуално оперативни планирања во соработка со назначените инклузивни тимови соодветно ги оценуваат истите во согласност со предадените планови и програми. |

| | |
|---|---|
| на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за индивидуализирани начини на проверка;<br>- Записници од инклузивен тим. | |
| - Програма за работа на училишетето;<br>- Увид во педагошка евиденција и документација;<br>- Правилник за оценување на напредокот на учениците;<br>- Интерен правилник за оценување;<br>- Записници од стручни активи;<br>- Рапоред за изведување на дополнителна и додатна настава;<br>- Стандарди за оценување;<br>- Анкети од ученици, родители, наставници;<br>- Инструменти за следење и вреднување на работата на | **1.8.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Наставниците ги користат информациите од изведените начини на оценување на напредокот на учениците за подобрување на текот на наставниот процес и одредување на активности кои во иднина ќе се применуваат на часовите.<br>Наставниците успешно ги реализираат активностите на ВОР, редовно ги запознаваат и вклучуваат учениците во процесот на оценување, го вреднуваат и поттикнуваат нивното размислување за сопствениот напредок. Во зависност од текот на оценувањето на наставниците имаат изготвено и планирања за учениците кои имаат потреба од дополнителна и додатна настава за својот предмет. |

| | |
|---|---|
| наставникот за оценување на напредокот на учениците;<br>- Инструмент за индивидуализирани начини на проверка;<br>- Записници од инклузивен тим. | |
| **Јаки страни**<br>• **Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците, што им овозможува на учениците да ги подобрат своите постигнувања;**<br>• **Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.);** | |

| **6.1 Сместување и просторни капацитети** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа;<br>- План/програма за развој на училиштето;<br>- Записници од просветната и санитарната инспекција;<br>- Распоред на часови; | **1.9.1.Просторни услови**<br>**1.9.2. Искористеност на просторните капацитети**<br>Училиштето е поделено 7 ламели со површина од 9584 $m^2$ и располага со следните просторни капацитети:<br>- 23 училници од 1438 $m^2$;<br>- 16 кабинети од 1130 $m^2$;<br>- наставничка просторија/канцеларија со 58 $m^2$; |

| | |
|---|---|
| - Распоред по училници, паралелки/групи и смени за организирање настава;<br>- Полугодишен и годишен извештај;<br>- Записници од работата на стручните активи;<br>- Интервјуа со наставниците. | - 4 канцеларии 185 $m^2$;<br>- библиотека/читална со 58 $m^2$;<br>- медијатека 65 $m^2$;<br>- 20 кабинети за наставници 303 $m^2$;<br>- кујна 592 $m^2$;<br>- трпезарија 480 $m^2$;<br>- заеднички простор за прослави (поливалентен простор) 750 $m^2$;<br>- 11 други простории 2645 $m^2$.<br>Дворните површини на училиштето опфаќаат 14 656 $m_2$:<br>- голема сала за спорт -1870 $m^2$;<br>- спортско игралиште - 1200 $m^2$;<br>- училиштен двор - 11586 $m^2$.<br>Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според Нормативот и постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата и воннаставните активности.<br>Воспитно – образовниот процес во ООУ „Блаже Конески“ се реализира во училници за учениците од I до V одд., кабинети за учениците од VI до IX одд. како и во двете фискултурни сали од кои едната е мултифункционална сала наменета за потребите на учениците од одделенска настава.<br>Големината на училниците соодветствува со бројот на учениците во паралелките.<br>Кариерното катче и поливалентен простор се искористени за повеќе намени како одржување на слободни активности, додатна и дополнителна настава, обуки, состаноци со родители и наставници, разни манифестации на ниво на училиште и на локална заедница. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето располага со просторни капацитети за реализација на воспоставените еко-стандарди (надворешен дел кај влезната врата, дел од дворно место пред фискултурната сала за собирање на пластика и стара хартија за рециклирање).<br><br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |
| **Јаки страни**<br><br>• Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според Нормативот и постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата и воннаставните активности. | |

| **6.2 Наставни средства и материјали** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Документација за набавување на наставни помагала и стручни материјали;<br><br>- Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала;<br><br>- Увид во библиотечна евиденција; | **1.10.1. Училишна библиотека**<br><br>Во состав на училиштето работи училишната библиотека со читална која делумно ги задоволува потребите на учениците. Располага со повеќе од 11 наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, а вкупниот библиотечен фонд изнесува над 13.116 од кои: лектирни изданија -1680 со 56 наслови, стручна литература–745, други наслови – 1104.<br><br>Библиотеката има Програма за библиотечно работење и води евидентирање на книгите. Во неа се запишани вкупно 900 ученици.<br><br>Евиденцијата во библиотеката се води уредно, но има потреба од електронско водење на истата.<br><br>Голем дел од насловите на книги се стари кои повеќе не се во употреба, најмногу од српски автори (околу 1500 изданија). Во последните неколку години литературните изданија редовно се обновуваат како од страна на учениците (на крајот од секоја учебна |

| | |
|---|---|
| - Интервју со библиотекарката и увид во книгата за евиденција;<br>- Интервју со секретарката и благајничката и увид во пописните листи;<br>- План за развој на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Извештаи;<br>- Финансиски план;<br>- Записници од стручни активи. | година се организира акција, каде што тие донираат по неколку изданија кои не ги користат и не ги читаат повеќе) така и од донација од наши писатели и автори од градот со мал придонес од нивните изданија.<br>Стручната служба заедно со одделенските наставници планира и реализира активности со намера учениците од почетните одделенија да ја посетат библиотеката и да се запознаат со начинот на работа и можноста за користење на и соодветна литература за нивна возраст. Реализиран е Ден на книгата на училиштето со цел да се мотивираат учениците од одделенска настава да изработат книга на паралелката со содржина по нивен избор. Со истото се очекува поттикне нивната желба за почесто другарување со книгите што училиштето ги има на располагање во училишната библиотека.<br>За учениците од предметна настава секоја година се реализира натпревар Млади библиотекари, искуството и знаењето кое тие го стекнуваат е од голено значење бидејќи низ различни активности можат да влијаат на развивањето на културата на читање на сите ученици од училиштето. Една од планираните активности е поставување на катчиња со книги што во слободно време можат да бидат посетувани од учениците. Исто така меѓуодделенската соработка на наставниците по македонски јазик, наставниците од одделенска настава и библиотекарот може да влијае на зголемување на посетеноста на библиотеката во насока на средување на библиотечниот фонд и можност за разгледување и учество на учениците во работата на библиотеката преку дежурства на ученици и реализација на часови за заедничко читање големи и мали и посета на саем на книга. |
| - Документација за набавување на наставни помагала и стручни материјали;<br>- Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување | **1.10.2. Наставни средства и материјали**<br>Преглед на наставни средства и опрема:<br>- компјутери од МОН<br>- лаптопи за учениците до трето одделение<br>- 78 лаптопи за наставниците; |

| | |
|---|---|
| на стручна литература и наставни помагала;<br>- Увид во библиотечна евиденција;<br>- Интервју со секретарката и благајничката и увид во пописните листи;<br>- План за развој на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Извештаи;<br>- Финансиски план;<br>- Записници од стручни активи. | - 15 десктоп компјутери<br>- 30 компјутери низ училиштето;<br>- 15 телевизори;<br>- 20 печатачи;<br>- 13 ЛЦД проектори<br>- 4 скенери<br>- 25 радиокасетофони<br>- 15 смарт табли<br>Училиштето располага со наставни средства и помагала за наставниците и стручната служба потребни за реализација на наставата. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.<br>Извршена е набавка на дидактички средства и помагала како и спортски реквизити за реазлизација на наставните содржини од повеќе предмети со цел да се подобри квалитетот на наставата во почетните одделенија.<br>При реализација на наставата наставниците редовно ги користат компјутерите со кои располага училиштето, како и ЛЦД проекторите со кои можат да располагаат наставниците по потреба. Сите паралелки од прво, второ четврто и петто одделение имаат смарт табли со што во значајна мера ја подобрува можноста за реализација на наставата со оглед на перформансите на истите и можностите што ги нудат за наставниот процес.<br>Секој наставник има лаптоп со што се олеснува процесот на планирање и реализирање на наставните содржини, редовно и навремено водење на педагошката евиденција и документација. |

| | |
|---|---|
| | Набавениот потрошен материјал ги задоволува основните потреби на училиштето (маркери, хартија, креди и сл.). Училиштето потребите за наставни средства и материјали ги утврдува преку барањата на стручните активи до директорот и наставничкиот совет.<br><br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за непречна реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето.<br><br>Училиштето обезбедува потребен материјал за реализација на значајни денови, штандови на кој учествува што во голема мера влијае на развивањето на креативноста како и во насока на зголемување на мотивираноста кај учениците и наставниците за изработка на дидактички средства и помагала и останати потребни реквизити.<br><br>Училиштето обезбедува потребен материјал за реализација на штандови со продажен и хуманитарен карактер, истото влијае на развивање на хуманоста и желбата да се помогне некому. |

**Јаки страни**

- **Во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат технички средства и интернет кои служат за непречена реализација на наставните и воннаставните активности.**

**Слаби страни**

- **Училишната библиотека делумно ги задоволува потребите на учениците;**
- **Не се води електронска евиденција на лектирните изданија;**
- **Недоволна вклученост на учениците во работата на библиотеката;**

**Приоритети**

- **Зголемување на фондот на лектирни изданија во училишната библиотека и набавка на стручна литература;**
- **Програма за електронско водење на библиотечната евиденција со цел подобра прегледност и евиденција на сите изданија;**



## ОБЛАСТ БР. 2 – Постигнувања на учениците

| **2.1 Постигнувања на учениците** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето 20/21-0102-310/1 од 14 08.2020; 21/22-0102-342/1 од 13 08.2021 ; 22/21-0102-301/1 од 12 08.2022; | **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди**<br>Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците по пол и етничка припадност, по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди.<br>На Одделенските совети, според претходно утврдена пишана Процедура, училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол, |

- Годишен извештај 20/21 бр. 0102-341 од 13.08.2021; 21/22 бр. 0102-300/2 од 13.08.2022
- Записници од Одделенски и Наставнички совети;
- Анкети со наставници, родители и ученици;
- Анализа на успехот;
- Споредбени прегледи (табели, графикон) од резултатите од оценувањето;
- Резултати од општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;
- Програма за дополнителна и додатна настава;
- Разговор со специјалниот едукатор и рехабилитатор во училиштето (студија на случај, ИОП, бележник за напредокот, предлог вежби).

етничка припадност, наставни предмети, квалификационен период (во учебната 2020/21, 2021/2022, 2022/2023). Изработени се прегледи за успехот по пол и етничка припадност, но бидејќи бројот на ученици од други етнички заедници е незначителен нивниот успех не влијае на општиот успех на училиштето.

**Табела успех на ученици за последните три учебни години според пол и етичка припадност (прилог табела)**

**ОПШТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА**

| ПО НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | *Учебна 2020/2021* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПШТ УСПЕХ ПО НАЦИОНАЛНОСТ | | | | | | | |
| | одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Македонци | 297 | 310 | 72 | 34 | 20 | 9 | 1 | |
| Турци | 3 | 0 | 3 | 1 | 4 | 3 | 2 | |
| Албанци | 2 | | | | | | | |
| Срби | | 1 | 1 | | | | | |
| Хрвати | 1 | | 1 | | | | | |
| Црногорци | | | | | | | | |
| Власи | 1 | | | | | | | |
| Роми | | | | | | | | |
| Други | 1 | | | | | | | |
| ВКУПНО | *305* | *311* | *77* | *35* | *24* | *12* | *3* | *0* |
| | *616* | | *112* | | *36* | | *3* | |
| | 767 | | | | | | | |

| ПО НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | *Учебна 2021/2022* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПШТ УСПЕХ ПО НАЦИОНАЛНОСТ | | | | | | | |
| | одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Македонци | 262 | 264 | 94 | 62 | 39 | 16 | 6 | 1 |
| Турци | 3 | 0 | 3 | 2 | 4 | 3 | | |
| Албанци | 1 | | 2 | 0 | | | | |
| Срби | | | | | | | | |
| Хрвати | 1 | | | | | | | |
| Црногорци | | | | | | | | |
| Власи | 1 | | | | | | | |
| Роми | | | | | | | | |
| Други | | | | | | | | |
| ВКУПНО | *268* | *264* | *99* | *64* | *43* | *19* | *6* | *1* |
| | *532* | | *163* | | *62* | | *7* | |
| | 764 | | | | | | | |

| ПО НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | *Учебна 2022/2023* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПШТ УСПЕХ ПО НАЦИОНАЛНОСТ | | | | | | | |
| | одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Македонци | 254 | 260 | 102 | 65 | 36 | 10 | 2 | |
| Турци | 4 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Албанци | 1 | 1 | 2 | | 1 | | | |
| Срби | | | | | | | | |
| Хрвати | 1 | | | | | | | |
| Црногорци | | | | | | | | |
| Власи | | | | | | | | |
| Роми | | | | | | | | |
| Други | | | | | | | 1 | |
| ВКУПНО | *260* | *261* | *104* | *65* | *38* | *11* | *4* | *1* |
| | *521* | | *169* | | *49* | | *5* | |
| | 744 | | | | | | | |

Од табелите може да се увидат следното:

- Во учебната 2020/21 година вкупниот број на бројчано оценети ученици е 767 од кои 409 се машки (53,30%), а женски 358 (46,70%).
- Во учебната 2021/22 година од вкупниот број на бројчано оценети ученици 764 од кои 416 машки (54,50%), а женски 348 (46,50%).
- Во учебната 2022/2023 год од вкупниот број на бројчано оценети ученици се 744 од кои 406 се машки (54,60%), а женски 338 (46,40%).

Од приложените податоци се гледа дека по пол кај учениците се застапени повеќе момчиња од девојчиња.

**Графички приказ за општ успех на учениците на крајот од учебната**

**година за последните три години по пол**




Училиштето располага со податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети.

**Среден успех по наставни предмети на крај од учебната година за последните три години (прилог табела)**

| СРЕДЕН УСПЕХ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТИ** | **2020/2021** | **2021/2022** | **2022/2023** |
| Македонски јазик | **4,54** | **4,28** | **4,35** |
| Англиски јазик | **4,41** | **4,21** | **4,27** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Германски јазик | 4,67 | 4,26 | 4,31 | |
| | | Руски јазик | 3,86 | 4,38 | 4,25 | |
| | | Француски јазик | 5,00 | 4,00 | 2,00 | |
| | | Математика | 4,53 | 4,26 | 4,33 | |
| | | Историја | 4.42 | 4,18 | 4,20 | |
| | | Географија | 4,56 | 4,31 | 4,21 | |
| | | Граѓанско образование | 4,58 | 4,16 | 4,27 | |
| | | Биологија | 4,40 | 4,32 | 4,35 | |
| | | Физика | 4,55 | 4,41 | 4,46 | |
| | | Хемија | 4,33 | 4,13 | 3,74 | |
| | | Етика | 4,58 | 4,99 | 5,00 | |
| | | Информатика | 4,74 | 4,64 | 4,55 | |
| | | Музичко образование | 4,87 | 4,80 | 4,82 | |
| | | Ликовно образование | 4,95 | 4,93 | 4,93 | |
| | | ФЗО | 4,92 | 4,94 | 4,97 | |
| | | Иновации | 4,96 | 4,88 | 4,94 | |
| | | Општество | 4,73 | 4,73 | | |
| | | Природни науки | 4,74 | 4,47 | 4,57 | |
| | | Работа со компјутери | 4,90 | 4,95 | | |
| | | Техничко образование | 4,84 | 4,76 | 4,67 | |
| | | Историја и општество | | 4,32 | 4,55 | |
| | | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | |
| | | Техничко образование | 4,32 | 4,95 | 4,75 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проекти од информатика | **4,93** | **5,00** | **4,85** |
| Програмирање | **5,00** | | |
| Спорт | **5,00** | **5,00** | **5,00** |
| Вештини на живеење | **4,96** | **4,87** | **4,99** |
| Истражување на род крај | **5,00** | **5,00** | **5,00** |
| Запознавање на религиите | **5,00** | **4,89** | **4,88** |
| Творештво | **4,93** | **4,95** | |
| Мултикултурна ризница | | **4,65** | **4,60** |
| Математичко логичко резонирање | | **4,66** | **4,62** |
| Ликовна работилница | | | **4,85** |
| Разрешување на конфликти | | | **4,72** |
| **Σ** | ***4,68*** | ***4,53*** | ***4,52*** |

Од табелата може да видиме дека има мало намалување на успехот по предмети за трите учебни години. Ова намалување на успехот е доволен показатели дека во нашето училиште се врши следење и оценување во согласност со законските одредби (транспарентно, писмена и усна повратна информација, самооценување, запознавање на учениците со критериумите за оценување, водење ученичко портфолио и сл.), или формативното оценување кое вроди со плод и оценувањето стана пореално.

**Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност**

Во училиштето се промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици без разлика на етинчка и верска припадност можат да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата

| | |
|---|---|
| | на учениците. Постигнувањата на учениците се подобруваат преку нивно систематско следење, организирање на дополнителна и додатна настава, користење на разновидни извори на информации, дополнителни материјали, интернет, енциклопедии при предавање на нови наставни содржини, користење на разновидни аудиовизуелни помагала (компјутери, ТВ, ЛЦД проектор и др.) за квалитетно и полесно совладување на наставните содржини од страна на учениците.<br><br>Учениците ќе ги подобрат постигнувањата ако ги следат препораките од наставниците, а уште повеќе ако и нивните родители повеќе соработуваат со наставниците и се директно вклучени во работилници било како учесници или спонзори.<br>Родителите имаат можност да го користат Е-дневникот за да се информираат за успехот, постигнувањата и редовното посетување на наставата на нивните деца во секое време. Доколку учениците покажат намалување на успехот, несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор. Ако и тоа не вроди со плод, тогаш родителите се опфаќаат со „Програмата за советување на родители“.<br><br>**Идентификација и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост**<br><br>Во нашето училиште постои систем на идентификација на ученици со тешкотии во учењето (евидентни листови, разговори со ученици и соработка со родители). Предметните наставници во координација со одделенските раководители ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето при вршење на анализа на воспитно – образовните резултати на одделението.<br>Учениците со попреченост се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и мислење за проценка на функционалните способности од стручното тело за проценка или медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции ако има |

| | |
|---|---|
| | потреба. Во стручниот тим на училиштето има и специјален едукатор и рехабилитатор кој во континуитет работи со учениците со попреченост и тешкотии во учењето преку индивидуална едукација и рехабилитација со цел подобрување на постигнувањата на овие ученици секако во рамките на нивните можности и способности и нивна поголема вклученост во вонnаставните активности и училишниот живот. Специјалниот едукатор и рехабилитатор соработува со родители на учениците и наставниците со цел подобрување на инклузивната клима и практитка во училиштето.<br>Со учениците со попреченост работат образовни асистенти кои се во постојана комуникација со наставниците, специјалниот едукатор и рехабилитатор и родителите.<br>Наставниците од одделенска и предметна настава изработуваат специјализирани работни листови за учениците со попреченост.<br>По сите наставни предмети, за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии се организира дополнителна настава. Во рамките на активностите за подобрување на постигнувањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се опфатени со Програмата „Советување на родители“ која ја спроведува психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат материјалот.<br>Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари (училишни), по различни предмети  на ниво на генерација, како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари по предмети.<br>Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни и дополнителни часови и часови за воннаставни активности во рамките на една паралелка.<br>**Подобрувања на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатна настава** |

| | |
|---|---|
| | Редовната настава во континуитет се унапредува со нови техники, методи и форми на работа, преку проекти, истражувања и изработки, користење на разни алатки во наставата, формативното оценување и сл.<br>Наставниците реализираат дополнителна и додатна настава во текот на целата учебна година според однапред изготвена програма и распоред за реализација за кои родителите се известуваат на првата наставничко-родителска средба. Учениците кои имаат слаб успех по одредени предмети се вклучуваат во дополнителна настава за што се известуваат и нивните родители, а за нивната редовност и постигнувања наставникот води континуирана евиденција. Со редовност на часовите по дополнителната настава кај учениците се подобрува успехот. За учениците кои покажуваат значителни интереси, афинитети, талент или надареност за одредена област наставниците реализираат додатна настава. Во зависност од афинитети и интереси на надарените ученици, самите ученици избираат активности со кои посебно се развиваат. Тие ученици учествуваат на натпревари. Во додатната настава учениците се спремаат за учество на натпревари општински, регионални и државни. Нашето училиште учествува во натпреварите кои се организираат по одредени предмети и резултатите се на високо ниво со добиени награди на државни и меѓународни натпревари.<br><br>**Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование (хоризонтално и вертикално движење)**<br>Училиштето во соработка со средните училиште во текот на месец мај организираа Образовен саем на средни училишта со цел процесот на професионална ориентација на учениците непречено да продолжи. На истиот, покрај учениците и наставниците од нашето училиште и средните училишта од нашиот град, присуствуваат и родителите на учениците.<br>Исто така наставниците со учениците ги посетуваат Отворените денови во средните училишта на нашиот град, со цел учениците да извршат правилен избор на понатамошното образование.<br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува** |

| | |
|---|---|
| | **следните резултати:**<br>- 33,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците ги почитуваат и задоволуваат индивудуалните интереси и потреби на учениците,** со „се согласувам“ се изјасниле 46,5%, со „делумно се согласувам“ 14,9% и со „не се согласувам“ се изјасниле помалку од 5% и „целосно не се согласувам“ 0%.<br>- 49,5% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците се транспарентни и ги следат постигнувањата и напредокот на нивното дете и добиваат повратна информација од нив, за оценките и препораки за подобрување на постигнувањата на ученикот**, „се согласувам“ се изјасниле 31,7%, со „делумно се согласувам“ 17,8% и со „не се согласувам“ се изјасниле 1% и „целосно не се согласувам“ 0%.<br>- 65,3% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **присуството на наставничко-родителските средби го сметаат како обврска и по потреба остваруваат индивидуални консултативни средби со наставниците,** „се согласувам“ се изјасниле 29,7%, со „делумно се согласувам“, „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 5%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br>- 63,5% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставникот континуирано го следи напредокот на учениците во паралелката (според пол и етничка припадност),** со „се согласувам“ се изјасниле 31,1%, со „делумно се согласувам“ 5,4% и со „не се согласувам“ и „целосно не се се согласувам“ 0 %.<br>- 36,5% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **стручната служба и наставниците соработуваат со цел подобрување на постигнувањата на учениците,** со „се согласувам“ се изјасниле 41,9%, со „делумно се согласувам“ 20,3%, со „не се согласувам“ 0% и „целосно не се се согласувам“ 1,3%. |

| | |
|---|---|
| | - 50% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост,** со „се согласувам“ се изјасниле 39,2%, со „делумно се согласувам“ 9,5%, со „не се согласувам“ 1,3% и „целосно не се се согласувам“ 0%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со ученици ги покажа следните резултати:**<br><br>- 63% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците навремено ги информираат за дополнителна и додатна настава со цел подобрување или продлабочување на нивните знаења,** „се согласувам“ се изјасниле 26%, со „делумно се согласувам“ 9% и со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 2%.<br><br>- 56% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **креативно ги изразуваат нивните потенцијали во наставата и вонннаставните активности (проекти, приредби, манифестации...),** „се согласувам“ се изјасниле 35%, со „делумно се согласувам“ 4% и со „не се согласувам“ 3% и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 2%.<br><br>- 49% од учениците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците редовно им даваат усна и писмена информација за нивните постигнувања, за оцените и нивниот напредок, како и насоки за негово подобрување,** „се согласувам“ се изјасниле 29%, со „делумно се согласувам“ 16% и со „не се согласувам“ 4% и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 2%. |

**<u>Јаки страни</u>**

- **Соработката на училиштето со родителите е на високо ниво во однос на навремено и повратно информирање за постигнувањата на нивните деца;**
- **Училиштето е расадник на талентирани и надарени ученици кои учествуваат на натпревари (општински, регионални, државни и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати;**

**<u>Слаби страни</u>**

| |
|---|
| • **Неопфатеност на наставниот кадар со стручни обуки за работа со деца со попреченост** |
| **<u>Приоритети</u>**<br>• **Организирање на обуки и работилници за наставници со цел работа со деца со попреченост** |

| **2.2 Задржување/осипување на ученици** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето 20/21-0102-310/1 од 14 08.2020; 21/22-0102-342/1 од 13 08.2021 ; 22/21-0102-301/1 од 12 08.2022;<br>- Годишен извештај 20/21 0102-341 од 13.08.2021; 21/22 0102-300/2 од 13.08.2022;<br>- Список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение во основно образование (од надлежните служби од општината);<br>- Преглед на запишани ученици според реонизацијата на општината;<br>- Потребна документација за упис, | **Опфат на учениците**<br>Училиштето има систем за добивање на податоците за опфат на учениците од реонот и во согласност со Законот за основно образование се наведуваат условите за запишување на децата во прво одделение, вклучувајќи ги и услови за запишување на деца со попреченост. Секоја учебна година децата кои согласно Законот треба да се запишат во прво одделение во целост се опфатени од реонот. Уписот на ученици во прво одделение се врши во месец мај согласно законот за основно образование.<br>На почетокот на учебната 2021/2022 година во прво одделение се запишале 104 ученици, а вкупниот број на запишани ученици во учебна 2021/2022 година изнесувал 1121 ученици.<br>На почетокот на учебната 2022/2023 година во прво одделение се запишале 120 ученици, а вкупниот број на запишани ученици во учебна 2021/2022 година изнесувал 1122 ученици.<br>Според анализите, бројот на запишани ученици варира за многу мал број на ученици.<br>**Редовност во наставата**<br>Редовноста на учениците систематски се следи во училиштето од страна на |

- Анализите на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата;
- Увид во педагошката евиденција и документација;
- Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН, Државен/
- општински просветен инспекторат - ДПИ и Центарот за социјални работи);
- Записници од средби со родители;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.);
- Постапка за регулирање на отсуство на ученик 08-290/1 од 21.7.2020;

одделенските раководители, стручната служба, предметните наставници. Во врска со ова, одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето по потреба ги повикува на индивидуален разговор родителите кои поради оправдани или не оправдани причини подолго отсуствуваат од работа со цел нивно информирање и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста. Во училиштето има Постапка за регулирање на отсуство на ученик изготвена во согласност со Законот за основно образование.




| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2020/2021 | 10909 | 71 | 10980 |
| 2021/2022 | 24856 | 488 | 25344 |
| 2022/2023 | 34353 | 288 | 34641 |

Училиштето има систем на бележење и следење на изостанувањата. Според изготвените извештаи бројот на неоправдани изостаноци главно се должи на доцнење на првиот и третиот час (по завршување на големиот одмор).

**Осипување на учениците**

Осипувањето на ученици во последните три години се зголемува. Причината за осипување на ученици е на државно ниво односно учениците го напуштаат

| | |
|---|---|
| | училиштето поради иселување на семејството во странство. Бројот на ученици кои од други причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса, заминување на друго место на живеење во државата) е речиси еднаков со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште односно незначителен затоа што просторните, кадровските, технолошките и сите останати услови во училиштето се заслужни за задржување и големиот интерес на бројот на учениците.<br><br>**Преминување на учениците од едно училиште во друго**<br><br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за преминување и уредно водење педагошка евиденција и документација со навремено доставување на информации за ученикот, за истите да се земат во предвид при натамошното образовние на ученикот. |
| **<u>Јаки страни</u>**<br>• **Секоја учеба година се зголемува бројот на родители кои сакаат своите деца да ги запишат во училиштето поради целодневен престој, квалитетна настава (докажано преку освоени државни и меѓународни натпревари) и просторни услови.** | |

| **2.3 Повторување на ученици** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Анализа за успехот на учениците во последните три години;<br>- Увид во педагошката евиденција и во документацијата;<br>- Записници од разговорите со учениците, родителите и стручните соработници; | **Повторување на учениците**<br><br>Од Годишните извештаи за работа на училиштето во последните три учебни години евидентирано е дека нема ученици кои ја повторувале годината, а мал е бројот на ученици кои биле упатени на поправен испит. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.<br><br>Ученици кои отсуствуваат од настава подолг временски период, односно не посетиле повеќе од една третини од наставата остануваат неоценети и се упатуваат на полагање на одделенски испит на крајот од учебната година. |

| **Јаки страни** |
|---|
| • **Навременото следење на учениците, известување на родителите и опфат со дополнителна настава дава резултат во училиштето да нема учиници кои ја повторуваат годината.** |

| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Увид во педагошката евиденција и документација;<br>- Анкети со родителите;<br>- Записници од инклузивниот тим;<br>- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите;<br>- Кодекси на однесување на ученици и наставници во училиштето;<br>- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците. | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.<br>За таа цел се користат добро организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите. На почетокот на учебната година на сите влезови во училиштето се истакнуваат датумите за приемни денови на наставниците. На овие средби родителите добиваат информации и се води разговор за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Информациите за постигањата на учениците, наставниците најчесто ги водат во пишана форма во портфолија, досиеја на учениците, евидентни листови, свидетелстава и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, реализираните проектни активности, бројот на изостаноци и вклучување во вонаставни активности (секции, манифестации, акции и сл.) |

| | |
|---|---|
| | Во текот на целата година, родителите имаат увид во постигнувањата на учениците преку електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението итн. Средби со родителите на ученици кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем.<br><br>На веб страницата училиштето ги има објавено меил адресите на сите наставници каде непречено се споделуваат информации со родителите за постигнувањата на учениците. За постигнати успеси на учениците и нивното вклучување во разни акции, манифестации и активности, родителите се информирани и преку Facebook профилот на училиштето и веб страницата на училиштето.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:**<br><br>- 63,3% од родителите се изјасниле со „целосно да“ дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, 28,7% се изјасниле со „делумно да“, 8% со „делумно не“, 0 % со „целосно не“.<br>- 76,2% од родителите се изјасниле со „целосно да“ дека Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите, 19,8% се изјасниле со „делумно да“,4% со „делумно не“, 0 % со „целосно не“.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>- 66,2,% од наставниците се изјасниле со „целосно да“ дека наставникот дава конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот, начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум., со „делумно да“ се изјасниле 25,7%,со „делумно не“8,1% и со „целосно не“ 0 %. |

| | |
|---|---|
| | - 73% од наставниците се изјасниле со „целосно да“ дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови., со „делумно да“ се изјасниле 25,7%,со „делумно не“1,3% и со „целосно не“ 0 %. |

**Јаки страни**

- **Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;**
- **Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите, тие се поттикнуваат на соработка со наставниците;**
- **Средби со родителите на учениците кои постигнуваат слаби резултати одржува психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем;**

| **4.4 Следење на напредокот** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Извештаи и анализи;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Евиденција на премин на ученици (преведници и др.);<br>- Записници од разговорите со наставниците и со стручните соработници. | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Сите наставници во текот на учебната година водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик. За секој класификационен период наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи за своето одделение/паралелка врз основа на индивидуалниот успех на учениците кој што го постигнале.<br>За напредокот на учениците се дискутира на состаноците на Советот на одделенски наставници и Наставничкиот совет. Одделенскиот раководител на паралелката го изнесува успехот на секој ученик поединечно, подобрување на поведението и на постигнувањата на учениците. За учениците со три и повеќе слаби оцени се реализира „Програмата за советување на родители“. Родителите |

| | |
|---|---|
| | на овие ученици присуствуваат на советувања од страна на стручните соработници на училиштето. Ова зборува дека постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. На на предметни наставници и Наставнички совет се дискутира и за напредокот на идентификуваните талентирани ученици, како и за учениците со послаби постигнувања и учениците со попреченост.<br><br>Секој одделенски раководител/ раководител на паралелката подготвува редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции во кои се внесени податоци за напредокот на учениците, добиени како резултат на проценка направена од наставниците (Евидентни листи). Изработува извештај и анализи на паралелката кои содржат општ успех, среден успех по предмети, среден успех на одделението.<br><br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br><br>За постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, наставниците водат уредна евиденција и континуирано вршат анализи на добиените информации по наставни предмети индивидуално за секој ученик во рамките на паралелката и за паралелката во целост по класификациони периоди и споредбено со две учебни години. Така подготвените извештаи и анализи по паралелки наставниците ги доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка. Извештаите се достапни за сите наставници, за родителите и за учениците. Добиените резултати од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

**<u>Јаки страни</u>**

- **Училиштето има систем за континуирано следење и давање на повратна информација на учениците и родителите за напредокот, постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.**



## ОБЛАСТ БР. 3 – Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | |
|---|---|
| Извори и документи за увид | Информации кои се собрани |

- Увид во досиејата на вработените;
- Увид во правилникот за систематизација;
- Разговор со директорот и наставниците;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Програма за работа на стручната служба;
- Увид во досиејата на вработените;
- Увид во правилникот за систематизација;
- Разговор со директорот и наставниците;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Програма за работа на стручната служба.

- Извршен е увид во досиејата на вработените.

- Сите наставници и стручни соработници имаат лично професионално досие.

- Училиштето има Годишна програма за работа.

- Наставниците имаат изработено програми за работа и работат според истата.

- Стручната служба работи според програма.

**Наставен кадар**

| **Училиште:** | **ООУ „Блаже Конески“ Велес** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на наставници: | Машки | 15 | Женски | 60 | Вкупно | 75 |
| Број на наставници од други училишта: | Машки | 2 | Женски | 2 | Вкупно | 4 |

**Преглед на наставен кадар според видот на работниот однос**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на вработени на неопределено време | 65 | Број на вработени на определено време | 15 |
| Број на вработени со соодветно образование | 75 | Број на вработени со несоодветно образование | / |

**Наставен кадар според степенот на стручна подготовка**

| **Стручна подготовка** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Средна стручна подготовка** | / | / | **/** |
| **Виша** | 2 | 7 | **9** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Висока** | 12 | 52 | **64** |
| **Магистри** | 1 | 1 | **2** |
| **Доктори на наука** | **/** | **/** | **/** |

**Директор, стручни соработници, административни работници и технички персонла во училиштето**

| Работно место | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Директор** | 1 | / | 1 |
| **Педагог** | 1 | 1 | 2 |
| **Психолог** | / | 2 | 2 |
| **Социолог** | / | / | / |
| **Специјален едукатор и рехабилитатор** | / | 1 | 1 |
| **Библиотекар** | / | 1 | 1 |
| **Административни работници** | 1 | 3 | 4 |
| **Техничка служба** | 6 | 13 | 19 |

**Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници**

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за непречено реализирање на воспитно – образовниот процес.

| | |
|---|---|
| | Наставата во училиштето се реализира од стручен и компетентен кадар кој е квалификуван да ги превземе и извршува одговорностите во наставата во согласност со потребите на учениците и училиштето во целина.<br><br>Наставниот кадар успешно и ефикасно ја спроведуваше наставата и за време на ковид пандемијата според строго определени протоколи и правилници за влез/излез од училиштето според строго определен распоред.<br><br>Наставниот кадар редовно си ги извршува работните обврски според прописите, а училиштето ја следи работата на сите вработени од страна на директорот и стручната служба.<br><br>Стручноста на персоналот и квалификациите одговараат на работните места согласно нормативот за работа.<br><br>**Ефективност и распоредување на кадарот**<br><br>Наставниот кадар е распореден и работи на соодветно работно место со соодветно образование. Наставниот кадар редовно си ги извршува работните обврски според прописите, а училиштето ја следи работата на сите вработени во него. Стручноста на персоналот и квалификациите одговараат на работните места согласно со нормативот за работа. При распределба на кадарот во предвид се земаат квалитетите и искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Наставниците одговорно, совесно, ефикасно и ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес. Во училиштето сите вработени одговорно ги извршуваат своите работни задачи. Наставниот кадар дава помош и поддршка за работа со ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии што се гледа од направената анкета каде 35,1% целосно се согласуваат, 50% се согласуваат а 14,9% делумно се согласуваат.<br><br>**Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар** |

| | |
|---|---|
| | Стручната служба им помага на наставниците во организирање на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и дава соодветна и советодавна помош на учениците и на родителите.<br><br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности (работилници) за работа со ученици, наставници и родители и е постојано отворена за помош и соработка.<br><br>Според анализата на направената анкета кај наставниот кадар утврдено е дека стручната служба дава целосна поддршка на наставниот кадар сметаат 33,8 % односно 44,6% се согласуваат, а 16,2% делумно се согласни со поддршката на стручниот соработник кон наставниот кадар.<br><br>Стручните соработници прават посета на наставните часови најмалку два пати во текот на учебната година со што целосно се согласуваат 54,1% од наставниците, а 39,2% се согласуваат со истото. |

**Јаки страни**

- **Наставниците ефективно и ефикасно придонесуваат за работата на училиштето;**
- **Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање соодветна помош на учениците;**
- **Наставниците добиваат подршка од стручната служба при работа со ученици со ПОП.**



## ОБЛАСТ БР. 4 – Управување и раководење

| 7.1. Управување и раководење | |
|---|---|
| Извори и документи за увид | Информации кои се собрани |
| – Деловник за работа за работа на Училишниот одбор<br>– Статут на училиштето<br>– Записници, одлуки, извештаи од работата на Училишниот одбор<br>– Записници од состаноци на | **Управување со училиштето**<br>Органот за управување на училиштето (Училишниот одбор) е конституиран согласно со законската регулатива. Надлежностите за управување на УО се јасно дефинирани со Деловникот за работа кој е изработен во согласност со Законот и Статутот на училиштето. Неговите членови (претставници на структурите предвидени со Законот за основно образование) одговорно се однесуваат кон своите обврски и задачи, редовно доаѓаат на состаноците и навремено го најавуваат своето оправдано отсуство, водејќи грижа на секој состанок да има мнозинство и претставник од сите структури, како и членот на Ученичкиот парламент кој нема право на глас. |

| | |
|---|---|
| Наставничкиот совет<br>– Програма за работа на директорот<br>– Програма за работа на стручната служба<br>– Програмски документи и програмски прилози<br>– Годишни, полугодишни извештаи<br>– План за развој на училиштето<br>– Анкетни прашалници | На состаноците УО непречено ги извршува своите обврски и во услови на пандемија. Директорот е редовно поканет и присутен што овозможува партнерски однос во работата на училиштето исто како и со другите образовни структури.<br>УО учествува во креирањето политики: за еколошка едукација, за поддршка на меѓуетничката интеграција на образованието, за инклузијата во образовниот процес и за афирмација на училиштето воопшто.<br>УО непречено ги извршува своите обврски и во услови на пандемија одржувајќи онлајн состаноци.<br>Има уредно водена документација и им обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Членовите на УО се соочуваат со тешкотии при вклучувањето во работата на УО поради немање претходна подготовка (обука обезбедена од МОН или од училиштето).<br>**Раководење со училиштето**<br>Директорот има јасна визија за работата на училиштето. Има партнерски однос, соработува и раководи со: наставниот кадар, стручните органи и тела, локалната средина, локалната самоуправа, владини и невладини организации. Преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати во соработка со тим наставници. Поттикнува и поддржува проекти за набавка на нагледни средства. Се обидува преку планирани активности да ги вклучи родителите во унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата. Ги следи, ги организира и ги реализира промените поврзани со концепцијата за деветгодишното образование. Во соработка со БРО и МОН овозможува едукација на наставниот кадар. Своето работење го заснова на тимска работа со вклучување на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Го следи наставниот процес преку посета на наставни часови и вонннаставни активности (со физичко присуство и онлајн).<br>Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Се вклучува во реализацијата на приоритетите идентификувани во развојниот план, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и |

| | |
|---|---|
| | подобрувањето на училиштето.<br><br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Директорот ги вклучува вработените во процесите на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.<br><br>Одлуките што ги носи раководниот тим се во писмена форма, донесени од мнозинството членови присутни на состаноците, евидентирани во Записници од Наставничкиот и Одделенскиот совет, а потоа навремено се запознаваат вработените и родителите со прашањата што биле предмет на расправа.<br><br>- 78,3% од анкетираните наставници целосно се согласуваат, или се согласуваат, дека вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети.<br><br>- 77.0 % од анкетираните наставници целосно се согласуваат или се согласуваат, дека постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените, а 78.3 % од анкетираните наставници целосно се согласуваат, или само се согласуваат дека постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување на одлуки.<br><br>- 83.8% од анкетираните наставници целосно се согласуваат, или само се согласуваат, дека вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот.<br><br>Од анкетирањето спроведено кај наставниците резултатите укажуваат на тоа дека:<br><br>- Директорот има добра комуникација со вработените но понекогаш и не е на задоволително ниво или не е можна поради објективни причини (работните обврски и зафатеност на директорот и наставниците).<br><br>- Постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување на одлуки и дека вработените редовно и навремено се информираат за преземените активности од страна на директорот, кои се однесуваат за работата на училиштето.<br><br>- Наставниците како членови на Наставничкиот совет и како членови на Стручните активи може да учествуваат во процесот на донесување одлуки како и да |

| | |
|---|---|
| | иницираат прашања поврзани со овој процес (на пример преку покана за учество на состаноците на стручните активи до директорот).<br><br>Од спроведената анкета добиени се следниве резултати:<br><br>- **Задоволен сум од управувањето и раководењето на училиштето**, целосно се согласуваат 37,6%, а 36,6% од родителите се согласуваат.<br>- **Доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки** 38,6% од анкетираните родители одговориле дека целосно се согласуваат, а 35,6% се согласуваат со ова тврдење.<br>- **Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите и вработените** целосно се согласуваат 41,6%, а 35,6% од анкетираните родители само се согласуваат.<br>- **Информиран сум за поголемиот број од донесените одлуки во училиштето** 38,6% одговориле дека се согласуваат, а 33,7% дека целосно се согласуваат со ова трвдење, делумно 25,7% од анкетираните родители се изјасниле по ова прашање.<br>- **Училиштето ги поттикнува родителите на соработка со цел следење на напредокот на учениците** 42,6% од анкетираните родители се согласуваат, 34,7% од нив целосно се согласуваат, а делумно се согласуваат 19,8% од нив.<br><br>Од анкетирањето спроведено кај родителите сознанијата укажуваат на тоа дека: родителите се задоволни од информирањето за постигнувањата на училиштето; имаат можност да бидат активни чинители во училишниот живот; подготвени се да поддржуваат активности на училиштето за подобрување на условите за учење и настава. Мислат дека постојаното информирање за постигањата ќе придонесува за развивање на заинтересираноста за вклучување во поддршка на проекти на училиштето. Задоволни се од информирањето за различни прашања кои ги помагаат развојот и напредувањето на нивното дете.<br><br>Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети зацртани во развојниот |

| | |
|---|---|
| | план преку ефективна самоевалуација. Раководењето на училиштето се потпира на тимска отвореност и комуникација, поддршка, професионализам во работењето, афирмирање и промовирање на постигањата.<br><br>Од големо значење во креирање на училишната политика е раководството на Училишниот одбор, работата на директорот, стручната служба, наставниците, родителите.<br>Во нашето училиште директорот има стратешка определба заснована на јасна визија во која се вклучени и родителите, учениците како и наставниците. Тоа е начин на работа во нашето училиште. Ваквиот начин на работа во училиштето е добра практика и истата постојано се негува.<br>Целите и образовните политики се аргументирани со соодветни документи. Вработените учествуваат во креирањето на целите на училиштето. Во тој процес, во голема мера, учествуваат и родителите, кои се запознати со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставници, ученици, родители и локална заедница) да работат на остварување на целите.<br>Родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите и се запознати со начинот на нивно остварување и подобрување. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Учениците имаат влијание на раководењето на училиштето преку Ученичкиот парламент и Советот на родители, а за преземените активности се известуваат преку соопштенија за време на класните часови или преку соопштенија на огласна табла.<br>Директорот успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вклучени страни во животот на училиштето. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите.<br>Директорот смета дека со добри  услови за работа, негување на позитивна клима и добра комуникација наставник - родител - ученик, училиштето е пријатно место каде учениците ги минуваат ,,најлудите” години од животот и се развиваат во здрави |

| | |
|---|---|
| | млади луѓе кои ќе го продолжат образованието во другите институции со стекнати солидни знаења во нашето училиште |

**Јаки страни**

- Директорот има јасно поставени цели и план за реализација на истите
- Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.
- Директорот презема активности за вклучување на Советот на родители во животот и работата на училиштето
- Директорот е фокусиран на стратешките определби и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето
- Вработените редовно и навремено се информирани за  за преземените активности од страна на директорот.

**Слаби страни**

- Поголема вклученост на родителите во работата на училиштето и недостаток на подготвеност за соработка и помош од родители;
- Комуникацијата наставник директор не секогаш е правовремена и целосна;

**Приоритети**

- Унапредување на интензитетот и квалитетот на соработка со родителите во давање иницијативи и помош на Училиштето




## ОБЛАСТ БР. 5 – Комуникација и односи со јавноста

| **5.1. Комуникација на ниво на училиште** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Анкетни прашалници со наставници, родители и ученици;<br>- Интервју со наставник;<br>- Интервју со родител;<br>- Интервју со ученик;<br>- Интервју со директор; | **5.1 Комуникации на ниво на училиште**<br>• **Комуникација: директор- вработен**<br>Во нашето училиште постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените.<br>- На прашањето за наставниците:„Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените", од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам" и „целосно се согласувам" одговориле 77%. |

| | |
|---|---|
| - Интервју со стручна служба. | Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување одлуки.<br><br>- На прашањето за наставниците: „Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 83,8%.<br><br>- На прашањето за наставниците: „Постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување на одлуки”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78,3%.<br><br>Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети.<br><br>- На прашањето „Вработените имаа можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети“од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78,3% .<br><br>• **Комуникација: стручен соработник – наставник**<br><br>Стручните соработници даваат поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот.<br><br>- На прашањето за наставниците: „Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, тематско – процесно планирање и оперативен план за час”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78,4%.<br><br>Врши посета на наставните часови кај секој наставник најмалку два пати во текот на годината.<br><br>- На прашањето за наставниците :”Најмалку два пати во годината се врши посета на наставен час кај секој наставник”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 93,3%, |

| | |
|---|---|
| | Врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно – образовниот процес.<br>- На прашањето за наставниците: ”Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно – образовниот процес (наставни форми, методи и техники на учење)”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 85,2%.<br>Наставникот добива поддршка при реализација на редовна, дополнителна и додатна настава, отворени часови и воннаставни активности.<br>- На прашањето за наставниците: „Секој наставник добива поддршка при реализација на редовната, дополнителната, додатната настава, отворени часови и воннаставни активности”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 85,1%.<br>Заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии.<br>- На прашањето за наставниците:„Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други тешкотии”, од вкупно анкетирани наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 87,8%.<br>Стручниот соработник дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации.<br>- На прашањето за наставниците:”Се дава поддршка при решавање конфликтни ситуации”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 83,8%<br>• **Комуникација: наставник – наставник**<br>Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети.<br>- На прашањето за наставниците: ”Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 89,2 %. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците разменуваат исуства и идеи на ниво на стручен/ стручни активи.<br><br>- На прашањето „Наставниците разменуваат исуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“ од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94,6 %.<br><br>Постои добра соработка при реализација на отворени часови.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Постои соработка при реализација на отворени часови”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 93,2 %.<br><br>Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината / други општини во РСМ и надвор од државата.<br><br>- На прашањето за наставниците:”Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината / други општини во РСМ или училишта од други држави”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 79,8 %.<br><br>**Комуникација: наставник / стручен соработник со административно технички персонал**<br><br>Административниот – технички персонал обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените”, од вкупно анкетирани наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 85,1 %.<br><br>Постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени”, од вкупно анкетирани наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 87,8%. |

| | |
|---|---|
| | - На прашањето за наставниците: ”Се врши континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала?”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 74,3%, а со„делумно се согласувам“ 14,9% и со „не се согласувам“ одговориле 10,8%<br><br>Се води грижа за степенот на хигиената во училиштето.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се води грижа за степенот на хигиената во училиштето“. од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78,4%<br><br>**Состанок на наставнички совет**<br><br>Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.<br><br>- На прашањето за наставниците :”Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС?”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94,6%, а на прашањето „Се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето“ од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 83,8%,<br><br>**Состанок на одделенски совет**<br><br>Состаноците на Совет на паралелките-одделенски совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Состаноците на паралелките се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 97,3%<br><br>За постигнувања на учениците се вршат редовни анализи како поединечно, на ниво на паралелка, така и на ниво на училиште.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се вршат редовни анализи на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на |

| | |
|---|---|
| | училиште”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94,6%<br><br>Наставниците даваат конструктивни предлози за подобрување на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците?”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94,5%.<br><br>**Состанок на стручни активи**<br><br>На состаноците на Стручните активи се даваат предлози за подобрување на квалиетотот на наставата.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се превземаат активности за подобрување на квалитетот на наставата”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 86,5%.<br><br>Континуирано се даваат предлози за меѓупредметна интеграција.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94,5%.<br><br>Редовно се преземаат активности со кои ќе се подобрат стандардите и критериумите за оценување.<br><br>- На прашањето за наставниците: ”Се врши подобрување на стандардите и критериумите за оценување”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78,3%.<br><br>На состаноците на Стручните активи се даваат предлози за распределба на наставните часови по наставници. |

| | |
|---|---|
| | - На прашањето за наставниците: ”Се даваат предлози за распределба на наставните часови по наставници.”, од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 81,1%. |
| **8.2. Комуникации на ниво на училница** | |
| | **Комуникација: наставник- ученик**<br>Во нашето училиште постои соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците со кои се соочува секое училиште.<br>- На прашањето за учениците: ”Постои соработка помеѓу наставниците и учениците” од вкупно анкетираните ученици со со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 84%.<br>Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка.<br>- На прашањето за учениците: ”Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 77%, на истото прашање поставено на наставниците од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 93,3%.<br>За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа.<br>- На прашањето за учениците: ”За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 84%, на истото прашање поставено на наставниците од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 93,3%. |

| | |
|---|---|
| | Се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигнувањата и потребите за нивно подобрување.<br>- На прашањето за наставниците: „Се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигнувањата и потребите за нивно подобрување.“ од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 97,3%.<br>Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.<br>- На прашањето за наставниците: „Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.“ од вкупно анкетираните наставници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 85,1%.<br>**Комуникација: ученик – ученик**<br>На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во ученичката заедница и ученичкиот парламент.<br>- На прашањето за учениците: ”Изборот на претставниците во ученичката заедница и ученичкиот парламент се врши на транспарентен и демократски начин” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 81,1%.<br>Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.<br>- На прашањето за учениците: ”Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини” од вкупно анкетираните ученици со со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 84%.<br>Се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми.<br>- На прашањето за учениците: ”Се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми” |

| | |
|---|---|
| | од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 79%.<br><br>За почитување на различностите се организираат трибини, работилници и други активности.<br><br>- На прашањето за учениците: ”Се организираат трибини/работилници и други активности за почитување на различностите ” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 79%.<br><br>**Комуникација: стручен соработник – ученик**<br><br>Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (педагог/психолог/дефектолог) ја извршува во училиштето.<br><br>- На прашањето за учениците: ”Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (педагог/психолог/дефектолог) ја извршува во училиштето” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 76%.<br><br>Учениците имаат потполна слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со каков било проблем или тешкотии во и надвор од училиштето.<br><br>- На прашањето за учениците: ”Дали учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) доколку се соочат со било каков проблем или тешкотии во и надвор од училиштето?” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 90%.<br><br>Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање.<br><br>- На прашањето за учениците: ”Дали се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле |

| | |
|---|---|
| | 76%, со „делумно се согласувам“ 14%, а со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ одговориле 10%.<br><br>Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.<br><br>- На прашањето за учениците: ”Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 94%.<br><br>За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања за учениците.<br><br>- На прашањето за учениците: ”За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања за учениците” од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 78%. |
| **8.3. Комуникација со окружувањето на училиштето** | |
| | **Комуникација со родителите на учениците**<br><br>Наставниците поттикнуваат развој на вештини и самостојност во учењето при реализација на онлајн наставата и наставата со физичко присуство.<br><br>На прашањето за родителите: ”Дали наставниците поттикнуваат развој на вештини и самостојност во учењето при реализација на онлајн наставата и наставата со физичко присуство? “од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 81,2%.<br><br>Постои умерена вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.<br><br>На прашањето за родителите: ”Дали постои активна вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми? “од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле |

| | |
|---|---|
| | 67,4%, со „делумно се согласувам“ 19,8%, а со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ одговориле 12,8%<br><br>Родителите повремено учествуваат при реализација на проекти во училиштето.<br><br>На прашањето за родителите: ”Дали родителите учествуваат при реализација на проекти во училиштето?“ од вкупно анкетираните ученици со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 63.4%, со „делумно се согласувам“ 24,8%, а со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ одговориле 11,8%<br><br>**Комуникација со институциите од централно ниво: МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ.**<br><br>Се организираат семинари, обуки и предавања од страна на МОН и БРО. Советници од БРО и инспектори од ДПИ редовно вршат посета на нашето училиште, како и посета на наставни часови за што постојат записници во архивата.<br><br>**Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, општински совет и јавни установи**<br><br>Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.<br><br>На прашањето за наставниците:”Дали се остварува соработка со Локалната Самоуправа преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето?”, од вкупно анкетираните испитаници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 86,5%.<br><br>Постои соработка со јавни установи во области од нивен домен.<br><br>На прашањето за наставниците: ”Дали постои соработка со јавните установи во области од нивен домен?”, од вкупно анкетираните испитаници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 89,2%.<br><br>**Комуникација со други образовни институции во РМ и странство**<br><br>Нашето училиште има потпишано меморандуми за соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа. Редовно комуницираме со колегите од нашето |

| | |
|---|---|
| | партнер училиште ООУ „Рајко Жинзифов“ и го спреведуваме проектот - Меѓуетничка интеграција во училиштето (МИМО).<br><br>Училиштето остварува соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа.<br><br>- На прашањето за наставници: ”Дали училиштето остварува соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа?”, од вкупно анкетираните со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 89,2%.<br><br>**Комуникација со бизнис сектор**<br><br>Училиштето остварува соработка со бизнис секторот.<br><br>Преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот.<br><br>На прашањето за наставниците: ”Дали преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот?”, од вкупно анкетираните испитаници со „се согласувам“ и „целосно се согласувам“ одговориле 83,8%. |

**Јаки страни**

- **Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените.**
- **Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување одлуки.**
- **Стручните соработници даваат поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот.**
- **Наставникот добива поддршка при реализација на редовна, дополнителна и додатна настава, отворени часови и вonнаставни активности.**
- **Заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии.**

- **Постои добра соработка на ниво на стручни активи, со наставници од други училишта и други општини во насока на подобрување на кавалитетот на наставата.**
- **Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените и други информации поврзани со работните обврски.**
- **Редовно се одржуваат планираните состаноци на Одделенски совет и Наставнички Совет на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.**
- **Наставниците имаат воспоставено добра комуникација и соработка со учениците, еднаков приод, заемна почит и поддршка**
- **За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа.**
- **Изборот на претставниците во ученичката заедница и ученичкиот парламент се врши на транспарентен и демократски начин.**
- **За почитување на различностите се организираат трибини, работилници и други активности исто така се организираат активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми**
- **Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (педагог/психолог/специјален едукатор и рехабилитатор) ја извршува во училиштето и имаат потполна слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со каков било проблем или тешкотии во и надвор од училиштето.**
- **Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето**
- **Наставниците поттикнуваат развој на вештини и самостојност во учењето при реализација на онлајн наставата и наставата со физичко присуство**
- **Се остварува соработка со Локална самоуправа, јавни установи и бизнис сектор преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето**
- **Нашето училиште има потпишано меморандуми за соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа.**

| |
|---|
| <u>**Слаби страни**</u><br>**• Недоволна вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми и незаинтересираност од родителите за учество при реализација на проекти во училиштето.** |
| <u>**Приоритети**</u><br>**• Интензивирање на соработката со родителите во однос на нивната вклученост при организација и реализација на предавања, трибини, работилници и проекти во училиштето;** |



## ОБЛАСТ БР. 6 – Училишна клима и култура

| **1.1 Севкупна грижа** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - План за заштита и спасување;<br>- Сертификат од обучените лица;<br>- Записник од интервју со директор;<br>- Анкетни прашалници; | • **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Во училиштето постојат безбедни услови за наставни и воннаставни активности, како во училниците така и во спортските објекти. Физичкото обезбедување од страна на Агенција за обезбедување е дополнителен фактор за безбедност на учениците.<br>Планот за евакуација и спасување е во функција, извршена е пробна евакуација и тој е истакнат на сите катови во училиштето.<br>Наставниците се обучени за правилно постапување и превентива од тешкотии при физички повреди и елементарни непогоди. |

| | |
|---|---|
| - Договор за обезбедување со агенција „Пантера“;<br>- Прилог копии од договор и извештаи од инспекциски надзор;<br>- Годишна програма за реализација на ОЖВ;<br>- Одделенски дневници;<br>- Извештаи по класификациони периоди;<br>- Извештај од Еко акција и ПП презентација;<br>- Годишна програма за реализација на ОЖВ;<br>- Одделенски дневници;<br>- Извештаи по класификациони периоди;<br>- Пишани процедури (Правилници) за постапување при прекршување на политиките за забрани (не се поминати сеуште на Наставнички за дел. број)<br>- Работилница за „ Здрава храна“  реализана со помош на вработените во | • **Превенција од насилство**<br>Наставниците, стручната служба и директорот водат грижа за обезбедување безбедна средина за учење и творење. Во рамките на реализацијата на часовите на одделенска заедница, одделенските наставници ги опфаќаат содржините за разрешување на конфликти и едукација за ненасилно однесување. Во погорните одделенија се промовира ненасилно однесување и разрешување конфликтни ситуации со разговор и помирување и изнаоѓање прифатливи решенија. Во нашето училиште од месец октомври оваа година започна кампања „БИДИ ХРАБАР, КРЕНИ РАКА, ПРИЈАВИ БУЛИНГ“, која имаше за цел да ја подигне свеста кај учениците во борбата против врсничкото насилството познато како БУЛИНГ. Кампањата продолжи преку реализација на низа активности низ текот на целата учебна година. Изготвен е и Протокол за превенција од насиллство.<br>• **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.<br>Во училишниот објект на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење.<br>Со цел да се заштитат и да се едуцираат учениците од пороците на денешнината се реализираат содржини и работилници на одделенските часови по ОЖВ и предавања од надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>• **Квалитет на достапна храна**<br>Во состав на училишната зграда функционира кујната „Стара Ванила“ која нуди висококвалитетна храна. Исхраната на учениците се одвива на повеќе начини. Договорот за соработка со Центарот за јавно здравје и честите контроли обезбедуваат сигурност и гаранција дека храната која е понудена на учениците е висококвалитетна и разновидна. |

| | |
|---|---|
| училишната трпезарија-видео запис на веб-страната на Училиштето од 20.12.2023 год.;<br>- Договор на „Стара Ванила“ со ЦЈЗ- 0307/ 627/ 1;<br>- Записник од ЦЈЗ бр.100/ 3-14А од14.3.2023 год. За земени мостри од прехрамбени производи на основа на договор;<br>- Извод од Регистерот на објекти и оператори на храна УП бр. 26/ 1849;<br>- Потврда бр.4381- ЦЈЗ од 15.10.2020 год. За извршена ДДД;<br>- Програма за работа на стручните соработници;<br>- Извештаи од индивидуалните разговори со учениците и со родителите;<br>- Евиденција и известувања од училиштето за учениците  со физички и социјални проблеми; | Еднаш месечно се врши испитување на безбедноста на водата за пиење, четири пати се испитуваат мостри за докажување на исправноста на прехранбените производи, се врши здравствен надзор над вработените кои доаѓаат во непосреден контакт со прехранбените производи. Се врши проверка на хигиената во објектот, опремата и вработените. Сите вработени се подложни на систематски и санитарен здравствен преглед.<br><br>Центарот за јавно здравје организира обуки на учениците за важноста од правилна исхрана. Едукација на учениците за важноста на здравата исхрана се врши и во рамките на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку кампањи, акции и редовни наставни содржини по повеќе наставни предмети.<br><br>• **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br><br>Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот и соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето не е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост, училиштето на влезот еден нема пристапна рампа. Конфигурацијата на внатрешноста е скалесто поставена во неколку нивоа и не е возможно поставување на лифт во училиштето. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба.<br><br>• **Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br><br>Во училиштето има мал број ученици од социјално загрозени семејства и тие по потреба добиваат помош во облека, новогодишни пакетчиња, ослободени се од плаќање за обезбедување и исхрана, им се овозможува да одат на екскурзија без да платат за патувањето. Притоа, училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) |

| | |
|---|---|
| - Досиеа на ученици со физичка попреченост и од социјално ранливи категории;<br><br>- Годишна програма за работа на училиштето; бр. 22/21-0102-301/1 0Д 12 08.2022<br><br>- Програма за работа на тимот за инклузија бр.08-162/2 од 15.9.2022 и Акционен план бр.08-162/4 од 15.9.2022<br><br>- Разговор со специјален едукатор и рехабилитатор -Марија Јорданов | |

**Јаки страни**

- **Училиштето обезбедува безбедна средина за учење и престој;**
- **Училиштето дава навремени информации и превенција за заштита од пушење, алкохол и дрога;**
- **Висококвалитетната храна е на дофат на учениците.**

**Слаби страни**

- **Внатрешноста на училиштето не е пристапна, нема пристапна рампа и нема пристапен тоалет за учениците со телесна попреченост.**

| |
|---|
| **<u>Приоритети</u>**<br><br>• **Подобрување на пристапноста во училиштето за учениците со физичка попреченост (пристапна рампа и пристапен тоалет);** |

| **4.2. Здравје** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето; 20/21-0102-310/1 0Д 14 08.2020; 21/22-0102-342/1 0Д 13 08.2021 ; 22/21-0102-301/1 0Д 12 08.2022<br><br>- Годишен извештај 19/20 0102-309 од 14.08.2020<br><br>- Годишен извештај 20/21 0102-341 од 13.08.2021<br><br>- Годишен извештај 21/22 0102-300/2 од 13.08.2022<br><br>- Електронски дневници дневници; 2020/2021;2021/2022;2022/2023 | • **Хигиена и заштита од болести**<br><br>Хигиената како важен предуслов за одржување и заштитување на здравјето на учениците е важен предизвик за вработените во Училиштето. Сите училници во одделенска настава имаат свое хигиенско катче со чешма, мијалник, сапун и хартија за бришење. Наставниците постојано вршат едукација како учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Хигиената е на потребното ниво во сите простории во училиштето. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот. Редовно се проветрува, се врши задолжително дезинфекција со специјални и еколошки средства како мерка за заштита од заразни болести. Извршено е одбележување на патека за движење и држење растојание. Има 11 влезови во училиштето и направен е распоред за доаѓање и заминување од училиштето, во време на Ковид-19 пандемијата. Пред секој влез се поставени подлоги за дезинфекција на обувките и се врши мерење на телесната температура и дезинфекција на рацете. Назначени се одговорни лица за постапување при појава на сомнителни случаи од Ковид 19 и обезбедена е просторија за изолација. Направен е распоред за користење на училишната кујна со цел користење на кујната според посебни протоколи. Сите овие мерки беа превземени во периодот додека траеше пандемијата.<br><br>Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат еднаш месечно и по потреба, но и темелно се мијат задолжително на секој распуст. На почетокот на секое полугодие во |

| | |
|---|---|
| - Фактури за набавка на средства за хигиена и дезинфекција;<br>- Интервју со одговорно лице секретарот на училиштето г-ѓа Љубица Мишкова<br>- Записници од увиди и контроли;<br>- Записници од извршен испекциски надзор од санитарна и здравствена инспекција;<br>- Интервју со домакинот на училиштето Слободан Игевски;<br>- Санитарни прегледи на вработени по ф-ра бр 1/958 од ЈЗУ центар за јавно здравје<br>- Систематски прегледи на вработени се прават на секои 2 години Последен договор со ПЗУ„Др Николов“-Штип - 0307-92/2 од 7.07.2021<br>- Сисетматски прегледи на ученици По | училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Еко-одборот во текот на целата учебна година врши едукација за справување со отпадот, но и спроведува работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња, стара хартија и електронски отпад што може да се рециклира. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден со корпи за селектирање на отпад.<br><br>Секоја учебна година редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Учениците се навремено ванкцинирани како превенција од одредени заразни, соодветно програмата за здравствена заштита. Достојно и масовно со посебно спремена програма се одбележуваат значајни датуми кои се дел од еколошкиот календар како 7 Април -Светски ден на здравјето; 22Април -Светски ден на планетата Земја; 31 Мај-Светски ден за борба против пушење и многу други.<br>Училиштето има политика за постапување при појава на заразна болест. Хигиената се одржува на највисоко ниво, се води редовна евиденција за отсуствата на учениците и се постапува според насоките од МОН и МЗ. Исто така во време на актуелни вирусни заразни заболувања (жолтица, заушки, птичји грип, свински грип, Ковид 19) учениците се информирани за симптомите и се преземаат превентивни мерки за заштита од страна на стручни здравствени работници. Воедно дел од овие теми учениците ги одбираат и ги обработуваат и како теми во проектните активности и ги презентираат на своите врсници.<br>Во училиштето се организираат и едукативни предавања за дрога, алкохол, сида како болест и мерки за заштита; предавања за начините, видот, работилници за изготвување на здрава храна како предуслов за непречен раст и развиток на младите поколенија и правилно непречено растење и развивање; предавања за значењето и начините на одржување на личната хигиена и за здравите хигиенски навики што водат кон подобро здравје.<br>Поставени се упатства во сите училици и тоалети за правилно миење на рацете, проветрување на училниците и другите простории.<br>• **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |

| | |
|---|---|
| известување бр 03-360/2 од 13-09.2022 од ЈЗУ„Здравствен дом “<br><br>- Стоматолошки преглед на учениците со известување бр 03-360/1 од 6.09.20222<br><br>- Вакцинирање на ученици родени 2015 год по известување бр 03-360/3<br><br>- Вакцинирање на ученици родени 2009 год по известување бр 03-360/4<br><br>- Санитарни прегледи на вработени по ф-ра бр 1/958 од ЈЗУ центар за јавно здравје<br><br>- Закон за основно образование; | За учениците кои се соочуваат со здравствени проблеми одделенските раководители особено се грижат во насока на информирање за пропуштеното наставниот материјал, испраќаат материјали и содржини за учење, а оние кои се опфатени со закон имаат и on line предавања.<br><br>Учениците кои поради заболување или посериозни повреди подолго отсуствувале од наставата имаат можност за надополнување на изгубените наставни содржини во договор со соодветниот наставник и одделенскиот раководител преку организирање на дополнителна настава или давање индивидуална помош, како и засилено следење на напредокот на ученикот. При појава на позитивен ученик или наставник од Ковид 19, се организираше и он-лајн настава преку платформата Teams. Одделенските раководители постојано ја следат состојбата на идентификуваните ученици, нивниот развој и опоравување. Исто така на овие ученици им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители и здравствените установи. Постои законска Процедура, според која, на учениците кои од здравствени причини не можат да ја следат наставата, им се овозможува полагање одделенски испит.<br><br>- **Грижа за учениците со емоционални тешкотии**<br><br>Мал процент од учениците се соочуваат со емоционални проблеми за кои училиштето води посебна грижа. За овие ученици се води грижа од одделенските раководители и стручните соработници во училиштето, преку советодавна работа за подигање на самодовербата на учениците. Училиштето редовно соработува со релевантни институции како што се Здравствени установи, Завод за ментално здравје и Центар за социјална работа.<br><br>Одделенските раководители добиваат посебен Инструмент за идентификација и постојано ја следат состојбата на оваа категорија ученици, нивниот развој и напредок. Исто така тесно соработуваат со педагошко-психолошката служба која секоја година изготвува програма и **“**Процедура за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми “. Со помош на оваа процедура тие спроведуваат низа на активности како **–**<br><br>• Едукација на наставниците и родителите за препознавање на емоционални проблеми кајдецата |

| | |
|---|---|
| | • Идентификација на децата со емоционални проблеми без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми, долго отсуство на еден од родителите, нарушени семејни односи, деца со насилничко однесување, жртви на насилство, деца со ниска самодоверба, екстравертни деца и сл.<br><br>Индивидуална соработка со родители и ученици за справување со емоционални проблеми кај децата (советодавна работа, разговори и предлагање на начини за подобрување на: самопочит, самодоверба, изразување на сопствените емоции, стекнување на вештини за решавање на проблеми, емпатичност, справување со стрес, критичко мислење, интерперсонални вештини);<br><br>• Редовно реализирање на содржини од Програмата за животни вештини на одд. часови.<br><br>• Следење на промените кај децата со кои се работи на подобрување на нивниот емоционален статус;<br><br>На прашањето за наставници – Дали постои соработка во идентификација на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии 58,1% се согласува, а 29,7% целосно се согласува дека постои оваа соработка и се реализира без никакви проблеми.<br><br>На прашањето за учениците – Дали се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми, 44% целосно се согласуваат, а 35% се согласуваат , што значи постојано има иницијативи и активности во нашето училиште за оваа категорија ученици. |

**<u>Јаки страни</u>**

- **При појава на сезонски болести-епидемии и пандемии, училиштето соработува со надлежните служби и ги спроведува нивните предлог мерки;**
- **Во училиштето од страна на стручни здравствени лица се вршат предавања и трибини за начините, видот, употребата на здрава исхрана за непречен раст и развиток на младата популација;**

| |
|---|
| • **Има интерес кај учениците за следење на работилници, трибини, предавања подготвени од ученици, родители, наставници, лекари, психолози, педагози и други релевантни фактори поврзани со здравјето на учениците;**<br>• **Училиштето има Процедура за откривање и грижа за ученици со социоемоционални проблеми.** |
| **<u>Слаби страни</u>**<br>• **Училиштето нема Процедура за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.** |
| **<u>Приоритети</u>**<br>• **Изработка на Процедура за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.** |

| **4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Анкети со наставници, ученици и родители;<br>- Програма за професионална ориентација на учениците;<br>- Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето; | • **Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>Училиштето навремено ги информира учениците од деветто одделение за продолжување на образованието во средните училишта и им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, ги информира за мрежата на средни училишта во државата и условите за упис при изборот на нивното понатамошно образование.<br>Од анкетираните ученици<br>- со исказот „Во деветто одделение им се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација на учениците и нивното идно занимање“ во целост се согласуваат 36%, а се согласуваат 40%. |

| | |
|---|---|
| - Годишна програма на училиштето;<br>- Флаери од средните училишта;<br>- Презентации од средните училишта;<br>- Годишна програма за работа на педагогот и психологот; | Оваа година презентациите и отворените денови организирани од средните училишта беа реализирани со физичко присуство и интересот на учениците беше огромен. Исто во нашето училиште беше организиран традиционален Саем на средни училишта на кој беа присутни професори и ученици од сите средни училишта од нашиот град со сопствени презентации, а истиот го проследија деветто одделнците со нивните родители. |
| **<u>Јаки страни</u>**<br>- **Навремено информирање на учениците и родителите за понатамошно образование и професионална ориентација.** | |

| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишен извештај на училиштето;<br>- Кодекс на однесување на ученици и наставници<br>- Правилник за однесување;<br>- Куќен ред на училиштето<br>- Анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите; | • **Тема - Углед/имиџ на училиштето**<br>Постигнатите резултати на учениците во различни области, во сите наставни и воннаставни подрачја како и стручниот и квалитетен кадар говорат за квалитетот на работењето. Училиштето има имиџ на квалитетна воспитно-образовна институција, за што говори и фактот дека има голем интерес за упис на ученици. Бројните награди и признанија говорат за успешно остварување на мисијата и визијата. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и го поттикнува учеството на учениците и родителите во училишниот живот. Сите вработени заедно со учениците се одговорни, а истовремено и заслужни за угледот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| - Правилник за однесување на наставници и стручни соработници бр. 0101-288/1 од 21-7-2020<br>- Правилник за избор на најдобар наставник од одд. и предметна настава и стручен соработник бр. 08-291/1 од 21.7.2020<br>- Постапка за регулирање на отсуство на ученик бр.08-290/1 од 21.7.2020<br>- Нашиот куќен ред бр. 0202-289/1 од 21.7.2020<br>- Деловник за работа на Наставнички совет при ООУ,,Блаже Конески,,<br>- Годишен извештај на училиштето;<br>- Полугодишен извештај 2020/2021;<br>- Извештај за третиот класификационен период 2020/2021;<br>- Одделенски дневници; | • **Кодекс на однесување**<br>Кодексот на однесување со кој се воспоставени принципите и правилата на однесување е целосно почитуван од сите ученици, родители, наставници, стручните соработници, раководниот кадар и административно-техничкиот персонал.<br>Направено е ревидирање на Кодексот на однесување за ученици. Училиштето има ревидирани пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со Кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.<br>• **Училишна клима**<br>Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво. Голем дел од наставниците сметаат дека помеѓу наставниците владеат добри односи и дека за време на наставата, одморите и вонnаставните активности постои ред, дисциплина и успешно решавање на евентуални проблеми. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во креирањето и одржувањето на мотивирачка атмосфера во училиштето, при нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Од страна на вработените, учениците се насочувани да се грижат за училиштето и едни за други и без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото да се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето постапи соодветно препораките од МОН за подигање на безбедноста во училиштето и спречување на врсничкото насилство при што изготви Протокол за превенција од насилство.Училиштето е обезбедено од страна на Агенција за обезбедување во речиси сите делови од ходниците и просториите каде најчесто се движат децата, како и надворешниот дел од училишниот објект. За време на малите и големите одмори се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците по катови. Како резултат на тековната соработка со надлежните служби се организираат предавања и работилници на теми од безбедноста и врсничкото насилство Работната атмосфера и добрата соработка која се заснова на заемна доверба и почит меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени овозможуваат позитивна |

| | |
|---|---|
| - Кодекс на однесување на ученици и наставници;<br>- Еко кодекс;<br>- Правилник за однесување;<br>- Анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите;<br>- Куќен ред на училиштето;<br>- Статутот на училиштето;<br>- План за реализација на МИМО активности Дел од ГП;<br>- Еколошка програма со сите прилози;<br>- Барања за дозвола за вакцинации и покани за систематски прегледи на тело и заби;<br>- Барања до училиштето за организација на ученици за следење на презентации и едукации на тема „Здравје“;<br>- Записници од седници на Совет на родители;<br>- Извештаи еко активности; | клима во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, која што покрај соработката помеѓу активите, особено е изразена во делот на воннаставните активности КЗЖ, кога секој одговорен тим беспрекорно соработува со останатите генерации, во поглед на реализацијата на планираните активности за престојнипт настан.<br><br>• **Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>Дисциплината на учениците е на потребното ниво Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Повеќе од половина од учениците, 56% сметаат дека наставниците ги мотивираат за превземање одговорност за своето однесување. Вработените професионално во рамките на своите обврски се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето целосно го применува ревидираниот Правилник за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите. Изречените педагошки мерки се според Правилникот за изрекување на педагошки мерки со кој се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Учениците , наставниците и родителите се запознаени со пишаните процедури за дејствување во случај на прекршување на правилата и принципите на однесување на учениците и истиот е истакнат на ВЕБ страната на училиштето.<br><br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br><br>Демократски формираната ученичка заедница учествува во донесувањето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес на учениците и реализираат он-лајн состаноци преку платформата Teams, но после пандемијата и редовни состаноци со физичко присуство. Сите сфери на училишното живеење се достапни за учениците и учествуваат во донесување важни одлуки, особено членовите на Еко одборот, кои се многу активни и даваат свој придонес за успешно чекорење на училиштето напред. Од одделенските дневници може да се увиди дека во сите одделенски заедници се избира претседателство на непосреден начин и гласање. |

| | |
|---|---|
| - Протокол за однесување и постапување за време на пандемија;<br>- Сертификати од обука на тема „Инклузивно образование“; | На состаноците се предлага како да се подобри успехот и оценувањето, како да се подобри квалитетот на наставата или некои услови за работа. Во делот на воннаставните активности се одлучува - како да се одбележи некоја манифестација, како да се организира заедничка забава; се придонесува како да се подобрат физичките услови во училиштето, како да се уреди училиштето, како да се подобри хигиената во тоалетите, се предлага како да се обезбедат нови книги во библиотеката и сл. |
| **<u>Јаки страни</u>**<br>• **Позитивна училишна клима меѓу вработените и учениците како мотив за успех и напредок кај наставниците;** | |
| **<u>Слаби стани</u>**<br>• **Тешкотии при одржување на зеленилото во дворот и немање зелени тревни површини за игра;** | |
| **<u>Приоритети</u>**<br>• **Изградба на систем капка по капка за одржување на дворот и изградба на тревен спортски терен;** | |

| **5.3. Еднаквост и правичност** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишни планирања по наставните предмети: запознавање на околината и животни вештини;<br>- Анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите; | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>Правата на децата се почитуваат во сите сфери на училишното работење. Во случај на нивно нарушување училиштето ги заштитува учениците и им ја дава потребната заштита. Со цел да се запознаат со правата на учениците, се организираат трибини, предавања и состаноци на ученичката заедница. Влијание врз еднаквоста и почитувањето на правата на |

| | |
|---|---|
| - Записници од родителски средби;<br>- Записници од совет на родители;<br>- Извештај за работа на училиштето;<br>- Правилник за учество на натпревар; | децата имаат наставниците и нивниот однос кон учениците со помош на стручната служба која редовно ја следи работата.<br>Независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите во текот на наставните и на воннаставните активности сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Еднаквоста и правичноста како темелни вредности училиштето ги промовира во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Без разлика на пол и етничка припадност учениците заемно се почитуваат и имаат еднаква можност да учат, да се изразуваат, активно да учествуваат на конкурси, натпревари, а училиштето целосно ги поддржува.<br>Учејќи како да ги препознаваат и како да се справуваат со ситуациите поврзани со дискриминација во училиштен контекст учениците се подготвуваат за реалниот живот во и надвор од училиштето посебно почитувајќи ги потребите и прифаќајќи ги децата со ПОП.<br>Училиштето ја следи ефикасноста на организацијата на наставата, на воннаставните активности и ги следи социокултурните услови во кои работат учениците со цел да добијат еднаков третман. Во иста насока е и работењето на Советот на родители, но и сите родителите кои се непосредно вклучени во активностите на училиштето.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата. Почитувањето на сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата е постојано нагласувано и претставува предмет на континуирано следење и едуцирање на учениците. Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно/јазично мешани групи и користи стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште во рамките на проектни и редовни активности. |

| **<u>Јаки страни</u>** |
|---|
| • **Давање еднакви можности за учениците со различни способности, пол и етничка припадност и давање поттик и поддршка при активно учество на конкурси, натпревари, смотри и сл.;** |

| **6.5. Финансиско работење во училиштето** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишен извештај за финанасиско работење на училиштето;<br>- Наративен Финансиски план на училиштето;<br>- План за јавни набавки;<br>- Периодични финансиски планирања;<br>- Завршна финансиска сметка;<br>- Записници од Училиштен Одбор;<br>- Одлуки од Училиштен Одбор;<br>- Разговори со претставници од Советот на родители; | Финансиското работење во училиштето е во согласност со законската регулатива. Финансиското работење на училиштето го следи и контролира директорот, Училишниот одбор, ЕЛС, МОН и инспекциските служби задолжени со закон на РМ. Сите финансирања од родителите за учениците, кои не се составен дел на буџетот на училиштето, како што се осигурување, обезбедување, ужинка, топол оброк, екскурзии и сл. одат директно на давателите на услуги со што се избегнува посредничката улога на наставниот кадар и училиштето, а се обезбедува целосна транспарентност.<br>Трошењето на средствата од буџетската сметка е строго наменски по определени ставки, а средствата добиени од разни донации и изнајмување на простор се трошат во согласност со законските регулативи.<br>Исто така наставниците се информираат за секоја, па и за најмалата потрошена сума на пари. Директорот за финансиското работење на училиштето редовно ги информира и Советот на родители. На крај од календарската година се прави завршна финансиска сметка за работата на училиштето која треба да се усвои на Училишен Одбор. Локалната заедница има комплетен увид во финансиското работење на буџетската сметка, бидејќи со Законот за локална самоуправа трансферот на буџетските средства за училишната програма поминува преку локалната самоуправа. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.<br>Буџетот се користи наменски, особено за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Анализата од анкетите ја покажаа следната состојба: |

| | |
|---|---|
| - Склучени договори,<br>- Понуди;<br>- Пописни листи; | 88% -од наставниците целосно се согласуваатдека постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми, 11% од наставниците делумно се согласуваат.<br>71% од наставниците сметаат дека финансиските средства наменски се користат и за креативни цели за подобрување на ВОР, 24% од наставниците делумно сметаат. 89% од наставниците сметаат дека членовите од училишниот одбор имаат увид и го следат финансиското работење на училиштето.10**%** од наставниците делумно се согласуваат дека членовите од училишниот одбор имаат увид и го следат финансиското работење на училиштето. |

**Јаки страни**

- **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет и истиот се користи наменски во функција на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето.**

**Слаби страни**

- **Училиштето нема пишан документ со кој се регулираат процедурите за обезбедување и распределување на финансиските средства.**

**Приоритети**

- **Изготвување на процедури за обезбедување и распределување на финансиските средства;**

| **Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |

| | |
|---|---|
| - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Самоевалуација;<br>- Развоен план;<br>- Акциски планови;<br>- Анкети на наставници, родители и ученици;<br>- Записници од УО;<br>- Записници од Совет на родители;<br>- Записници од Одделенски совет;<br>- Записници од Наставнички совет;<br>- Интерни акти;<br>- Програма за работа на УО;<br>- Извештај за работа на УО;<br>- Деловник за работа на УО | • **Јасност и соодветност на целите**<br>Целите на училиштето се прецизни и јасни и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие овозможуваат професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето. Учениците, вработените и родителите се запознати со начинот на нивното остварување и подобрување.<br>За остварување на целите училиштето воспоставува соработка со сите институции во локалната заедница и пошироко. Постигнатите цели позитивно влијаат на квалитетот во работењето и градењето на угледот на училиштето.<br>• **Процедури за креирање на училишната политика**<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, инклузивноста во образованието, еколошкото образование и за еднаков пристап до квалитетно образование за сите.<br>Во училиштето има јасни политики за намалување на насилството меѓу учениците, намалување на семејното и сајбер-насилството и недискриминацијата. |

| **Јаки страни** |
|---|
| • **Целите на училиштето се прецизни и јасни и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика на МОН;**<br>• **Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето за подобрување на квалитетот на образовниот и воспитниот карактер на училиштето;** |

| **Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Самоевалуација;<br>- Развоен план;<br>- Акциски планови;<br>- Анкети на наставници, родители и ученици;<br>- Записници од УО;<br>- Записници од Совет на родители;<br>- Записници од Одделенски совет;<br>- Записници од Наставнички совет; | • **Јасност и соодветност на целите**<br>Целите на училиштето се прецизни и јасни и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие овозможуваат професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето. Учениците, вработените и родителите се запознати со начинот на нивното остварување и подобрување.<br>За остварување на целите училиштето воспоставува соработка со сите институции во локалната заедница и пошироко. Постигнатите цели позитивно влијаат на квалитетот во работењето и градењето на угледот на училиштето.<br>• **Процедури за креирање на училишната политика**<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, инклузивноста во образованието, еколошкото образование и за еднаков пристап до квалитетно образование за сите.<br>Во училиштето има јасни политики за намалување на насилството меѓу учениците, намалување на семејното и сајбер-насилството и недискриминацијата. |

| | |
|---|---|
| - Интерни акти;<br>- Програма за работа на УО;<br>- Извештај за работа на УО;<br>- Деловник за работа на УО | |

**<u>Јаки страни</u>**

- **Целите на училиштето се прецизни и јасни и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика на МОН;**
- **Сите структури активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето за подобрување на квалитетот на образовниот и воспитниот карактер на училиштето;**



## ОБЛАСТ БР. 7 – Соработка со родителите и локалната средина

| **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| **Извори и документи за увид** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишен извештај за работа на училиштето 20/21 0102-341 од 13.08.2021; 21/22 0102-300/2 од 13.08.2022;<br>- Полугодишен извештај 2021/2022 и 2022/2023 година; | **Соработка на училиштето со родителите**<br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во следењето и подобрувањето на воспитно - образовната работа преку свои испланирани форми и активности на сите нивоа и тоа: индивидуални разговори и родителски средби, приемни денови, разни културни, образовни и спортски манифестации, како и во рамките на формалните нивоа на одлучувања (родителски средби, Совет на родители и Училиштен одбор). |

| | |
|---|---|
| - Записници од Советот на родители и родителски средби;<br>- Анкети со родителите, наставниците;<br>- Педагошка евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност);<br>- Статут на училиштето;<br>- Интернет- страница на училиштето;<br>- Решение за именување на членовите на училиштен одбор;<br>- Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците;<br>- Записници и одлуки од состаноците на училишен одбор;<br>- Записници од ученички парламент;<br>- Записници од работата на ТУИ- Тимот за училишна интеграција | Родителите потврдиле дека имаат можност да се кандидираат за избор на претставници на родители во УО, преку пропишани демократски процедури кои ги има училиштето и истите доследно ги применува. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.<br><br>Училиштето ги поттикнува на соработка и ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето, со цел следење на напредокот на учениците. Целите, организацијата, активностите на училиштето и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма и на родителските и индивидуалните средби, каде се информираат за успехот, поведението и активностите во училиштето.<br><br>Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирани предавања или работилници на конкретна тема од страна на стручната служба или посети на работното место на родителот во фирми, претпријатија, амбуланти и сл., како и во воннаставните активности. Но, според анализите од спроведената анкета, и родителите и наставниците изразиле поголема потреба училиштето да организира работилници и едукации на родителите, со цел подобрување на воспитно - образовната работа и подобро разбирање на детските потреби.<br><br>**Соработка со општината и урбаната заедница**<br><br>Континуирано во текот на учебната година, училиштето во соработка со урбаната заедница организира и учествува на настани од интерес за истата. Потпишаниот меморандум за соработка претставува основа за соработка на еколошки план и поддршка на еколошките активности. Урбаната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето преку реконструкција на објектот и обновување на инвентарот. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Претставниците од урбаната заедница се секогаш добредојдени на културни манифестации и приредби по разни поводи. Останатата соработка е во рамките на законските одредби и се одвива двонасочно. |

| | |
|---|---|
| | **Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор**<br><br>Деловната заедница нуди широк спектар на можности за соработка.Претставување на производните процеси и дел од своето работење пред учениците претставува можност за учење преку набљудување и воочување, како и запознавање со професии кои би биле предизвик за учениците при нивната професионална ориентација во иднина. Донации и спонзорства се остваруваат на доброволна база и самоиницијативно од страна на бизнис партнери. Постои соработка со културните установи и институции како што се театар, ликовен салон, музеј, библиотека, директно и индиректно во воспитно – образовната работа. Во соработка со средните стручни училишта организираме саем со цел приближување до учениците и запознавање со нивното работење и можностите кои ги нудат во делот на идното образование.<br><br>Граѓанскиот сектор преку своите друштва и здруженија е наш партнер на повеќе полиња од општественото живеење. Екологијата и извидништвото се основните дејности во овој дел преку соработка и зачленување на нашите ученици во подмладокот на овие здруженија. Заедничкото делување и активности се посветени за подобрување на животната средина и стекнување вештини и навики кои ќе им бидат од корист на самите ученици во животот.<br><br>Медиумите се наши партнери во промоција на сите наши активности и успеси.Секогаш се присутни на наша покана, со цел да не промовираат на сите полиња во наставните и вонаставните активности, натпревари, смотри, еко акции, прослави,приредби и сл. Претставници од медиумите се членови во нашиот Еко одбор и секогаш се вклучени во еко активностите и промовирање на резултатите.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со родители ги покажа следните резултати дадени одделно за секое прашање.**<br><br>34,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **училиштето ги поттикнува родителите на соработка со цел следење на напредокот на нивното дете,** со „се согласувам“ се изјасниле 42,6%, со „делумно се |

| | |
|---|---|
| | согласувам“ 19,8%, со „не се согласувам“ и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 0%.<br><br>33,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците ги почитуваат мислењата на родителите за прашања важни за училиштето**, „се согласувам“ се изјасниле 42,6%, со „делумно се согласувам“ 16,8%, со „не се согласувам“ 5,9% и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 1%.<br><br>37,6% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **родителите добиваат јасни упатства како најдобро можат да му помогнат на своето дете при воспитувањето,** „се согласувам“ се изјасниле 29,7%, со „делумно се согласувам“ 22,8%, со „не се согласувам“ 9,9% и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 0%.<br><br>18,8% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **училиштето организира работилници и едукации за родители за подобро разбирање на детските потреби, права и подобрување на воспитно-образовната работа,** „се согласувам“ се изјасниле 34,7%, со „делумно се согласувам“ 27,7%, со „не се согласувам“ 12,9% и „целосно не се согласувам“ се изјасниле 5,9%.<br><br>48,5% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **родителите во училиштето се чувствуваат добредојдени,** „се согласувам“ се изјасниле 35,6%, со „делумно се согласувам“ 13,6%, а со „не се согласувам“ 1% и „целосно не се согласувам“ 1%.<br><br>29,7% од родителите се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **родителите се поттикнуваат на активно учество во наставниот процес преку различни предавања на тема од нивната професија, како и во воннаставните активности,** „се согласувам“ се изјасниле 30,7%, со „делумно се согласувам“ 22,8%, а со „не се согласувам“ 10,4% и „целосно не се согласувам“ 6,4%.<br><br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажа следните резултати дадени одделно за секое прашање.**<br>50% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **училиштето ги поттикнува родителите за соработка со цел следење на** |

| | |
|---|---|
| | **напредокот на учениците,** со „се согласувам“ се изјасниле 39,2%, со „делумно се согласувам“ 10,8% и со „не се согласувам“ и „целосно не се се согласувам“ 0 %.<br>41,9% од наставниците се изјасниле со „целосно се согласувам“ дека **наставниците ги почитуваат мислењата на родителите за прашања важни за училиштето,** со „се согласувам“ се изјасниле 51,4%, со „делумно се согласувам“ 6,7% и со „не се согласувам“ и „целосно не се се согласувам“ 0 %. |

**Јаки страни**

- **Родителските и индивидуалните средби се одржуваат навремено почитувајќи го слободното време на родителите;**
- **Изборот на членови во Училишниот одбор од родителите се прави транспарентно и според пропишани процедури;**
- **Соработката со локалната и деловната заедница се на високо ниво;**
- **Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.**

**Слаби страни**

- **Недоволно едукативни работилници за родителите со акцент за унапредување на воспитната компонента.**

**Приоритети**

- **Организирање на едукативни работилници за родителите со акцент за унапредување на воспитната компонента.**

## Извештај од комисијата за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на училиштето

Врз основа на член 129, став 1,2,3 и 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/20 година) училишната комисијата изготви **Извештај од спроведената самоевалуација за период од 2021-2023 година за работата и постигањата на училиштето.**

За спроведување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ и Извештајот од извршената интегрална евалуација на Училиштето.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вonнаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

- Да се изработат насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.
- Училиштето ќе превземе активности за соодветно уредување на простории во кои ќе се реализираа разни воннаставни активности и обезбедување наставни средства и материјали.
- Доусовршување и подршка на наставниците за изготвување на планирања и програми за работа со надарени и талентирани ученици.
- Организирање работилници за размена на искуства со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници;
- Изготвува Процедура и инструмент за идентификување на ученици со посебни образовни потреби - на надарени и талентирани ученици, ученици со емоционални потешкотии и проблеми и ученици со потешкотии во учењето (дислексија, дискалкулија, дисграфија).

- Зголемување на фондот на лектирни изданија во училишната библиотека и набавка на стручна литература;
- Програма за компјутерско водење на библиотечната евиденција со цел подобра прегледност и евиденција на сите изданија;
- Опремување на кабинетите со современи нагледни средства, дидактички материјали и континуирана набавка на потрошен материјал за поуспешна реализација на наставата.
- Вклученост на учениците во активности поврзани со работата на библиотеката.
- Организирање на обуки и работилници за наставници со цел работа со деца со попреченост
- Изработка на Правилник за наградување на ученици и избор на ученик на генерацијата.
- Континуирано организирање на обуки за работа со надарени ученици.
- Зголемување на мотивацијата за вклучување на родителите во давање иницијативи за меѓусебна соработка и соработка со училиштето.
- Интензивирање на соработката со родителите во однос на нивната вклученост при организација и реализација на предавања, трибини, работилници и проекти во училиштето.
- Подобрување на пристапноста во училиштето за учениците со физичка попреченост(пристапна рампа и пристапен тоалет);
- Изготвување на процедури за обезбедување и распределување на финансиските средства;
- Изградба на систем капка по капка за одржување на дворот и изградба на тревен спортски терен;
- Изработка на процедура за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.
- Организирање на едукативни работилници за родителите со акцент за унапредување на воспитната компонента.

Датум
11.8.2023г.

Директор
Јованче Манасков

____________________

